ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# МОБИЛНОСТ

E-MAIL: CONTACT@MOBILNOST.MK WWW.MOBILNOST.MK БРОЈ 108, АВГУСТ 2026

МСПДМ
Министерство за социјална политика, демографија и млади

-ОДРЖАНИ 38. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ

-БАРАЊА ДО МИНИСТЕРСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА

-ИНИЦИЈАТИВА ЗА ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ЗА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА

-АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА

-ОДРЖАНО 38. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ








MKD


TIBHAR
TIBHAR




НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ
НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН
ИНВАЛИДИТЕТ


ТВРЂАВА
НОВИ САД
2026.






MILANO CORTINA
2026

# МОБИЛНОСТ


## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***

***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
Бранимир Јовановски

***Одговорни уредници:***
д-р Нико Јанков
Митко Фидановски

***Издавачки совет:***
Бранимир Јовановски
д-р Нико Јанков
Елица Трпковска
Стеван Ангелески
Нермин Суловски
Гоце Миновски
Велибор Јакимовски
Дивна Таневска
Михајло Михајлов
Миланчо Арсовски
Горан Војновски

***Лектор:***
Валентина Бачваровска

***Адреса:***
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
на Северна Македонија
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 50 примероци
Излегува тримесечно
Број 108, Август 2026
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
КОНТУРА ДОО – Скопје

Весникот е бесплатен.


•СОДРЖИНА


•ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
•ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3
•ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3
•МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО ОХРИД 5
•ПРЕДУПРЕДУВАЧКИ ПРОТЕСТ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ, ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ПРЕД ДХО „ДАРЕ ЏАМБАЗ“ 5
•ДОПИС ДО МИНИСТЕР ЛИМАНИ 6
•ДОПИС ДО ДИРЕКТОРОТ НА ФЗОРСМ, САШО КЛЕКОВСКИ 7
•БАРАЊЕ ДО „ОТО БОК АДРИА“ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА 7
•ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА МУЛТИПЛЕКС СКЛЕРОЗА 8
•ПОДДРШКА ОД ЕУ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО 10
•УНАПРЕДЕН КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ ЗА ПРАВНА ПОМОШ 10
•ИНТЕРВЈУ НА БРАНИМИР ЈОВАНОВСКИ ЗА ПРИСТАПНОСТ ДО ИНСТИТУЦИИТЕ 11
•„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ЕКО-РАБОТИЛНИЦА „ВТОР ЖИВОТ НА ПРЕДМЕТИТЕ“ 12
•„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ВО НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА КНИГАТА И АВТОРСКОТО ПРАВО 13
•МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА НАСТАН „BUSINESS MAMMA NETWORKING“ 13
•НАСТАН НА ИППГ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ 14
•СВЕЧЕНА СЕДНИЦА НА НКТ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ 15
•ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА ПО ПРОЕКТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, АДАПТАЦИЈА И ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 16
•ПРОМОЦИЈА НА МУЗЕЈСКА ЕДУКАТИВНА СЛИКОВНИЦА „МАКЕДОНКИТЕ ВО БИТКА“ 17
•МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ИНКЛУЗИВНА ИЗЛОЖБА ВО НАЦИОНАЛНАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ 17
•НОВОГОДИШЕН НАСТАН ЗА НАЈМЛАДИТЕ ОД „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 18
•БАЗАР НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО МУЗЕЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА 19
•НОВОГОДИШЕН ХУМАНИТАРЕН БАЗАР НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 20
•НАГРАДНА ИГРА 20
•КОНЦЕРТ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ 21
•„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ЈА ЗАОКРУЖИ 2025 ГОДИНА 22
•„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ СО ПРОСЛАВА НА СТАРА НОВА ГОДИНА/ ВАСИЛИЦА 2026 22
•8 МАРТ ЗА ДАМИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 23
•ОСМОМАРТОВСКА ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 23
•ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ОД ГЕВГЕЛИЈА ГО ОДБЕЛЕЖАА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА 8 МИ МАРТ 24
•ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ „МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА“ ГО ОДБЕЛЕЖАА НАЈГОЛЕМИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК ВЕЛИГДЕН 24
•МУЗЕЈ ВО КУФЕР 26
•ХУМАНИТАРЕН ВЕЛИГДЕНСКИ БАЗАР НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 26
•ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТОТО ИНКЛУЗИВНО ПЛАНИНАРЕЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФОНДАЦИЈАТА ИЦЕ БЕГОВ 27
•ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „КРОТКА“ 28
•„МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ НА СЕДНИЦА НА ИППГ 28
•„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ВО СОВЕТОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА БИТОЛА 29
•ЕКСКЛУЗИВНА МОДНА РЕВИЈА НА „ЕЛЕНА ЛУКА“ И „ХЕМА ОНКО“ 29
•УЧЕСТВО НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА НАЦРТ-ТЕКСТОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ И РЕУПОТРЕБА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР 30
•УПРАВЕН ОДБОР НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 31
•„ЕДНО Е НАДЕЖ, ДРУГО Е ОЧЕКУВАЊЕ“ – ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 32
•ВО ДАБЛИН ОДРЖАН ТРЕТИОТ ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ПАРТНЕРСКИ СОСТАНОК НА ПРОЕКТОТ VIEWS 32
•СОБРАНИЕ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 33
•ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА ЗА НАЈДОБАР ПАРААТЛЕТИЧАР ВО 2025 ГОДИНА 33
•ОДРЖАНИ 38. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 34
•ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ 2026 НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 41
•ЗОРАН ЈОВАНОВСКИ НАСТАПИ ВО СЛАЛОМ НА ЗИМСКИТЕ ПАРАОЛИМПИСКИ ИГРИ „МИЛАНО КОРТИНА 2026“ 42
•ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПАРА ПИНГ-ПОНГ ЗА 2026 44
•ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО СТРЕЛАШТВО ПАРА СПОРТ 2026 45
•ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО НА НФСРИСМ-ПКСМ ВО АТЛЕТИКА 46
•ПРВО МЕСТО ЗА ЕКИПАТА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР ВО ШАХ «СЕМИЧ 2026» 48
•БРОНЗЕН МЕДАЛ ЗА СТРАШКО КОЦЕВСКИ НА 6. МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПАРА ПИНГ-ПОНГ „ТВРЃАВА 021“ ОПЕН 2026, ВО НОВИ САД. 48
•ЗАПОЧНА ЛИГАТА ВО ПАРА ПИНГ ПОНГ ЗА 2026 ГОДИНА 49
•МЕЃУНАРОДЕН ПАРА ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР “VARNA SEAGULL CUP 2026” 50
•БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ВО ПАРА ПИНГ ПОНГ, ВРЊАЧКА БАЊА, СРБИЈА 50
•ДВЕ ТРЕТИ МЕСТА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ СПОРТИСТИ НА „СРБИЈА ОПЕН 2026“ ПАРА АТЛЕТСКИ МИТИНГ 51
•ГАЛЕРИЈА НА ФОТОГРАФИИ 52



Помина првата половина од 2026 година, уште една турболентна година за работењето на националните инвалидски организации, аналогно на тоа и на Мобилност Македонија.

Минатата година ја завршивме со неисплатени 4 редовни месечни дотации од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, не добивајќи притоа никаков релевантен и издржан одговор од министерството зошто, и покрај нашите инсистирања. Сите обврски што ни беа наметнати со Договорот за финансирање за 2025 година ги извршивме благовремено и согласно дадените рокови, а сепак останавме куси во финансирањето, а со самото тоа и во спроведувањето на програмските активности. Ни беше ветено дека годинава се ќе биде полесно, дека потпишувањето на Договорите за финансирање ќе заврши побргу, а наместо тоа дури на 30.03.2026 беше објавена Програмата за финансирање на националните инвалидски организации во Службен весник на РСМ, а Договорот за финансирање го потпишавме на 09.04.2026 година. Како и да е, финансирањео тргна, а со самото тоа и спроведувањето на Програмата на Мобилност Македонија за 2026 година.

Од почетокот на годината, Мобилност Македонија презеде повеќе активности, беа испратени повеќе дописи и остварени работни состаноци со ФЗОРСМ, со ЈП Државни патишта, со Министерството за социјална политика, демографија и млади, со Кабинетот на претседателот на Владата на РСМ, а се во обид да се остварат дел од мерките од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност, вклучително и подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет во нашата држава.

И кога помисливме дека полека работите се нормализираат, дека нема повеќе да трошиме енергија за обезбедување на стабилно и независно финансирање на нашата организација и нашите здружени членки, туку енергијата ќе ја пренасочиме кон подобрување на правата, во месец мај пристигна нова информација, негативна по нас, дека во собраниска процедура е ставен за носење нов Закон за игри на среќа и за забавни игри, во кој предлагачот во член 18 од законот, воопшто не ги спомнува нашите организации во редот на корисници на средства од игри на среќа. Студен „туш“, но и брза мобилизација на НСИОМ и нејзините членки, националните инвалидски организации, како да се амортизира ова состојба и да се врати решението од стариот закон во кој во член 16 бевме наведени како едни од корисниците на средствата од игри на среќа. Веднаш испративме повеќе дописи до Владата на РСМ, до министерства, до пратеници, до меѓународни организации во нашата држава, со кои ги објаснивме причините зошто треба да остане на сила старото решение, но и до каква непоправлива штета може да донесе новиот предлог во законот за овие организации и движењето во целина доколку истите се изгласа. За жал, сите наши напори не вродија со плод, а денот на ставање на законот на дневен ред во собраниска дебата се ближеше. Во целиот тој хаос и неможност да дојдеме до дијалог со релевантните чинители до кои испративме дописи, нам ни остана само уште една можност, а тоа е да најавиме и организираме предупредувачки протест пред Собранието на РСМ. Откако протестот беше најавен во МВР, добивме покана од дел од пратениците за дијалог и надминување на состојбата. После неколкудневни преговори, успеавме да ги презентираме нашите аргументи зошто токму националните инвалидски организации, кои исполнуваат строги критериуми согласно Законот за инвалидски организации, најнапред нивните здруженија да се стекнат со стетус инвалидски организации, а потоа и нивните кровни сојузи со статус на национални инвалидски организации, треба да бидат финансирани од средствата од игри на среќа. Тој став го бранеавме и на јавната дебата организирана во салата „Борис Трајковски“ во Собранието на РСМ, а подоцна нашиот амандман беше прифатен и стана составен дел на новиот Закон за игри на среќа и за забавни игри, со што спречивме да се направи непоправлива штета по нашето движење, организација и спроведување на програмските задачи.

За ова, и за уште многу други активноти ќе имате можност да прочитате во овој број на гласилото „Мобилност“.

*Бранимир Јовановски*

# ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 28.03.2026 година, во сала 1 во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, беше одржана редовна седница на Собранието на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија.

По разгледување и усвојување на записникот од претходната редовна годишна седница на Собрание на Мобилност Македонија одржана на 22.02.2025 година, претседателот ги информираше членовите за состојбата со финансирање и неисплатените 4 месечни дотации за 2025 година и покрај тоа што нашата служба во целост и благовремено ги реализираше сите обврски од потпишаниот Договор за финансирање. Одржавме повеќе состаноци во министерството за социјална политика, демографија и млади, и покрај сите наши инсистирања да добиеме издржан одговор за причината за неисплатените месечни дотации, такво нешто не се случи. Се надеваме дека неправдата ќе биде исправена со ребалансот на Буџетот во јули годинава, барем така ни беше наговестено. Потоа се премина на разгледување и усвојување на Наративниот извештај за работа на Мобилност Македонија за 2025 година, потоа на Извештајот за финансиско и материјално работење на Мобилност Македонија во 2025 година, апо нивното усвојување беа разгледани и усвоени Програмата за работа на Мобилност Македонија за 2026 година, како и Финансискиот план и финансиската рамка за работа на Мобилност Македонија за 2026 година.



Во натамошниот тек на седницата беше разгледан и усвоен Правилник за користење на апартманите во Охрид, и беше донесена одлука да се даде согласност на иницијативата од МЗТИЛ Кочани, Виница, Берово и Делчево за поделба и формирање на Мобилност Делчево, Пехчево, Македонска Каменица, Виница и Берово, и Мобилност Кочани, Зрновци,Чешиново и Облешево.

*Б.Јовановски*

# ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 26.02.2026 година се одржа тринаесетата седница на Управниот одбор на Мобилност Македонија. По разгледувањето и усвојувањето на Записникот од претходната седница на УО на сојузот, одржана на 15.12.2025 година, претседателот на сојузот, Бранимир Јовановски, ги информираше членовите за реализираните активности помеѓу две седници на УО.

Потоа беа разгледани: завршниот Наративен извештај за реализираните активности на Мобилност Македонија во 2025 година, Финансискиот извештај за финансиското и материјалното работење на Мобилност Македонија за 2025 година, Програмата за работа за 2026 година и предвидените активности кои треба да се реализираат, предлог проектот кој беше доставен до МСПДМ како дел од останатата потребна документација која Мобилност Македонија ја поднесе на Јавниот повик од министерството, како и Финансискиот план и финансиската рамка за 2026 година. Сите овие материјали беа едногласно усвоени од членовите на Управниотодбор на сојузот и се донесе одлука како такви да се доставаат на разгледување и усвојување пред членовите на Собранието на Мобилност Македонија.

Во натамошниот тек на седницата беа донесени одлуки и заклучоци и тоа: Одлука за исплата по пристигнато Решение за платен налог од адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид за неплатени фактури кон ЈП Водовод Охрид за 8 гарсоњери во населба Охридати; продолжување и обнова на Договорот со „АД Дебарски Бањи – Цапа” од Дебар за користење на бањското ►

лекување и рехабилитација за членовите на Мобилност Струга; за одржување на 38. Државно првенство во шах; за исплата на прва дотација за редовна дејност за 2026 година; беше дефиниран датум за одржување на редовна седница на годишно Собрание на Мобилност Македонија на 28.03.2026 година; за набавка на ситен инвертар во објектите за опоравок и рехабилитација во Охрид по доставена пописна листа за предмети кои се во расход или за поправка (1 бојлер, 2 панели, штици за кревет, кревет, 7 пешкири, 4 чаршави, 2 навлаки, 2 перници, 1 правосмукалка, 1 ТВ); додека за барањето од Мобилност Струмица за набавка на лап топ, се донесе заклучок да се обратат со барање до општествено одговорни компании и фирми кои би можеле да придонесат со донација на лап-топ.

На 09.04.2026 година се одржа четиринаесетата седница на Управниот одбор на Мобилност Македонија на која по усвојување на записникот од претходната седница на УО и информацијата на претседателот за реализираните активности



меѓу две седници на УО, беше кажано дека бевме на разговор во ЈП Водовод од Охрид и добивме известување дека во најскоро време ќе извршат контрола на состојбата на водомерите во објектите за опоравок и рехабилитација и дека таа работа треба да ја расчистиме до крај.

Потоа беа потврдени одлуките донесени по електронски пат и тоа: за учество на најдобрите македонски шахисти: Јанчо Ѓорѓиевски, Горан Војновски и Александар Стојчески, во придружба со Горан Стојчески (ассистент на Александар) и претседателот на сојузот, Бранимир Јовановски како тим лидер, на Меѓународниот турнир во шах „Семич 2026" од 14-16 април 2026 година во Словенија; за протест пред Владата на РСМ, поради продлабочувањето на проблемите со договорот за финансирање а со самото тоа и неможност за спроведување на програмските активности и задачи предвидени во Програмата за работа на Мобилност Македонија за 2026 година.

Беа донесени одлуки за: утврдување на висината на надоместокот за исхрана и превоз за корисниците на објектите за опоравок и рехабилитација во Охрид за 2026 година; за чистење, дезинфекција и дератизација, косење на трева, поправка на бојлер на објектите за опоравок и рехабилитација во Охрид пред започнување на летната сезона; за корекција на месечна плата на вработените од 01.03.2026 година во износ од 1.667 денари; за исплата на втора дотација за редовна дејност за општинските и меѓуопштинските здруженија за 2026 година; за одржување на 15. Меѓународна ликовна колонија во Охрид и набавка на сликарски материјал и други потребни трошоци во траење од седум дена во период помеѓу 1-15.10.2026; за распишување на повик до здружените членки за организација на Тематски работилници во 2026 година; за одржување на 38. Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија со меѓународно присуство од државите од регионот и закупување на пансиони; за одржување на 38. Државно шаховско првенство на лица со телесен инвалидитет на Македонија и закупување на пансиони во „Конгресен Центар" во Охрид на 18-19.04.2026; за одржување на 29. Музички фестивал на лица со телесен инвалидитет на Македонија, определување на град домаќин и закупување на пансиони; за одржување на 32. Републички квиз натпревар и договор со Зоран Јорданов за изработување на прашања за квизот, како и со Тони Пајдаков, лицето задолжено за компјутерско -техничка реализација на Квизот; за поддршка за одржување на „Тортијада" во организација на



Мобилност Струмица; за организирање на изложба на дела од 15. Ликовна колонија на 02.12.2026 во „Порта Македонија"; за одржување на 28. Литературни средби на лицата со телесен инвалидитет на Македонија со доставување на творби под шифра до канцеларијата на сојузот најдоцна до 01.11.2026 со забелешка дека мора да има најмалку шест творби од шест различни автори за да истите се одржат; за распишување на повик до здружените членки за организација на одбележување на „4-ти Декември" - Ден на лицата со телесен инвалидитет на Македонија;

Потоа беше одржана седница на Издавачкиот одбор на списанието „МОБИЛНОСТ". На истата беше дискутирано за тужбата за злоупотреба на авторски права која ја добивме од адвокатот Ана Пековска, застапник на меѓународната организација која поднела барање за спогодба, и беше одлучено да се спогодиме за што е можна пониска сума на обештетување, а секретарот на сојузот да ги предупредува дописниците и авторите на текстовите во списанието да не ставаат преземени фотографии и текстови, а текстовите да ги пишуваат во Times New Roman со македонска поддршка, нормален проред и големина на фонт 12. Потоа беа реизбрани уредниците на списанието, Бранимир Јовановски, Нико Јанков и Митко Фидановски, како и издавачката куќа „Контура" за печатење и графички дизајн на списанието, а беше донесена одлука надоместоците за објавување на текст на авторите да останат на исто ниво како и претходно.

*Б.Јовановски*

# МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО ОХРИД

На 20 февруари 2026 година во Охрид во рамките на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во Република Албанија и Република Северна Македонија, беше одржана тематска работилница како воведен настан на проектот „Унапредени квалитетни услуги за правна помош" (EQUALS).

EQUALS е регионален проект што УНДП го спроведува во Албанија и Северна Македонија во периодот 2025–2028 година, со поддршка на Австриската агенција за развој (ADA), како дел од International Partnerships Austria. Проектот има за цел да го унапреди еднаквиот пристап до правда за жените и мажите во двете земји, преку зајакнување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на системите за бесплатна правна помош. Настанот ги претстави целите, стратешките интервенции и очекуваните резултати од проектот, воедно овозможувајќи дијалог и унапредување на регионалната соработка.

Мобилност Македонија на овој настан ја претставуваа претседателот, Бранимир Јовановски, и секретарот, Гораст Велковски.

*Б. Јовановски*





# ПРЕДУПРЕДУВАЧКИ ПРОТЕСТ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ, ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ПРЕД ДХО „ДАРЕ ЏАМБАЗ"

На 10. 5. 2026 година, во 10:00 часот, пред ДХО „Даре Џамбаз" во Скопје се одржа мирен, предупредувачки протест на повеќе од 150 членови од здруженијата од повеќе градови од државата, членки на Националните инвалидски организации на слепи, на глуви, на лица со телесен инвалидитет, лица со интелектуална попреченост, инвалиди на трудот, цивилни инвалиди од војната, кои го изразија својот револт во однос на бришењето на нивните организации во член 18 како корисници на средства во новиот предлог-Закон за игри на среќа и за забавни игри, кој е во Собраниска процедура. Откако со денови наназад упатените писма од националните инвалидски организации до Владата на РСМ, Собранието на РСМ, пратениците и координаторите на пратеничките групи во Собранието на РСМ, медиумите, Европската Комисија, Канцеларијата на ОН во РСМ, и други субјекти, со сугестии за измени и дополнување на овој член и впишување на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната кровна организација (НСИОСМ) како корисници на средства што се собираат од игри на среќа не вродија со плод, во понеделникот на 8. 6. 2026 година беше донесена одлука да се мобилизира членството и да се излезе на мирен протест пред Собранието на РСМ.

На почетокот на најавениот протест, пред насобраните членови, лица со инвалидност/попреченост пред ДХО «Даре Џамбаз», се обрати пратеничката Ангелинка Петрова од Гевгелија, која им соопшти дека за овој проблем е разговарано со претставници на Владата и дека во првото читање на законот денес на седницата истиот мора да помине како предложениот



бидејќи нема можност за интервенција, меѓутоа во периодот до второто читање во Собранието, пратениците ќе интервенираат со амандмани и ќе се исправи ова состојба и нашите ор- ►

ганизации повторно ќе се впишат како корисници на средства, со што ќе се избегне непоправлива штета за нашите организации, но и за самите членови, лица со инвалидност.

Претставниците на националните инвалидски организации истакнаа дека институциите на Владата, при донесу-



вањето на политиките кои се однесуваат на лицата со инвалидност/попреченост, и изготвување на новите законски решенија, уште во фаза на подготовка на текстот на законите, мора да ги консултираат националните инвалидски организации, како репрезентативни организации кои застапуваат повеќе од 90.000 доброволно зачленети лица со инвалидност.

На тоа пред сè ги обврзува ратификуваната Конвенција на ООН за правата на лицата со инвалидност, но и аксиомата „Ништо за нас, без нас“.

Членовите се разидоа со уверување дека ова неправда е исправена, но и со надеж дека во најскоро време ќе се продолжи дијалогот со ресорните министерства во однос на поднесените барања за подобрување на положбата и правата на лицата со инвалидност/попреченост во нашата држава.

*Б. Јовановски*

# ДОПИС ДО МИНИСТЕР ЛИМАНИ

На 19. 6. 2026 година, Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, се обрати со допис до министерот за Социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани, со кој го известивме дека подолг период наназад, секојдневно сме соочен со поплаки од нашите членови од сите делови на нашата држава, заради неможност од закажување на прегледи и контролни прегледи до комисиите кои издаваат решенија за добивање на надоместок за нега и помош од друго лице, како и за надоместок за попреченост.

Последните поплаки од членовите се дека нема слободни термини за закажување на преглед преку апликацијата Мој термин, вклучително со месец август, дека сите термини се пополнети, што не е прифатливо, со оглед на тоа што на некои лица со попреченост им поминува рокот за контролен преглед и им престанува правото на користење на додатоците кој им се од суштинско значење.

Истакнавме дека е за поздравување изјавата на министерот за здравство, Азир Алиу дека лицата со трајни здравствени оштетувања повеќе нема да бидат принудени на секои шест месеци или една година да одат на нови прегледи за да го остварат правото на туѓа нега, особено што нема потреба од измени на законите, бидејќи постојната законска рамка веќе овозможува признавање траен инвалидитет и според него, проблемот е во практичната примена и работењето на лекарските комисии.

Меѓутоа во пракса, се уште се издаваат времени решенија за користење на надоместок за нега и помош и надоместок за попреченост, а закажувањето на термин за преглед до лекарските комисии е исклучително тежок и со долг временски рок.

Со дописот го замоливме министерот да го вложи својот авторитет, службите од министерството да го детектираат застојот кој предизвикува проблеми, и да им помогне на овие лица побргу и поедноставно да дојдат до можност да закажат преглед преку матичните лекари во системот „Мој термин“, за да го остварат своето право на добивање на соодветни надоместоци.

*Б. Јовановски*

# ДОПИС ДО ДИРЕКТОРОТ НА ФЗОРСМ, САШО КЛЕКОВСКИ

На 30. 6. 2026 година, се обративме со допис до директорот на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, со кој го известивме дека Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, на 26. 8. 2025 година му испрати допис како одговор на нивниот допис-одговор под број 09-16278/2 од 25. 7. 2025 година по барање за поддршка при дефинирањето на медицинските индикации, дијагноза за ослободување од плаќање патарина за лицата со телесна попреченост, со кој предложија да се формира работна група со претставници од секоја од засегнатите институции, покрај ФЗОРСМ во истата да партиципираат и претставници на Лекарска комора, од Министерството за социјална политика, демографија и млади, од ЈПДП и претставници од Мобилност Македонија како репрезентативна организација на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, како и претставници од репрезентативни организации на лицата со визуелна и сетилна попреченост.

Заради итноста на решавање на проблемот со кој тогаш, а и ден-денес се соочуваат лицата со телесна попреченост во однос на остварувањето на правото од ослободување од плаќање на патарина за своите возила, а со цел да ја забрзаме работата, Мобилност Македонија ги делегираше нашите претставници во таа работна група, и тоа: Бранимир Јовановски – претседател на сојузот и д-р Нико Јанков – член на Управен одбор на сојузот и раководител на Лекарската комисија при сојузот.

За жал, иако помина подолг временски период, до денес не добивме никаков одговор (освен неколку усни ветувања) дека е формирана ваква работна група, кој ќе биде носител или, пак, што треба да преземеме ова суштинско прашање за нашите членови да биде решено.

Од интерес на лицата со телесен инвалидитет е да се забрза формирањето и работењето на ова работна група, бидејќи секојдневно како сојуз сме под притисок од членовите кои во моментов, иако со уредна документација, со месеци чекаат да го остварат правото, а многу често и се одбиени, според наше мислење неоправдано, бидејќи имаат тежок инвалидитет (на пример спина бифида, амиотрофична латерална сколиоза и сл.), но, за жал, нивната дијагноза не е опишана во член 66 точка 2 од Законот за јавни патишта.

Ве молиме, во интерес на членовите, во најбрз временски рок да ни одговорите дали се прифаќате да сте носители за формирање на работна група која самите ја предлагате, како и за динамиката на работењето на тоа тело од кое се очекува да произлезе Правилник кој ќе им послужи на надлежните од ЈПДП поекспедитивно, пореално и поефикасно да ги решаваат пристигнатите барања за ослободување од плаќање на патарина за лицата со телесен инвалидитет. Ви стоиме на располагање во секое време за секакво друго појаснување, и ќе бидеме благодарни доколку не контактирате при финализирањето на процесот од Ваша страна.

За жал, до излегување на овој број на списанието Мобилност, не добивме никаков одговор од ФЗОРСМ.

*Б. Јовановски*

# БАРАЊЕ ДО „ОТО БОК АДРИА“ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА

На 7. 7. 2026 година, Мобилност Македонија се обрати до г-дин Хусиќ, претставник на „Oto Bock Adria“, да ја разгледа можноста нивната компанија Ото Бок Адрија, како регионален лидер во протетиката и ортотиката, да одржи презентација која би ги опфатила следниве теми:

1. Решенија и трендови во модерната протетика и ортотика;

2. Нови решенија и помагала што ги прифати Хрватскиот завод за здравствено осигурување во последните неколку години и споредба со постојните во Правилникот за ортопедски помагала на Република Македонија (квалитет на компонентите, квалитет на ортотичките компоненти и ортози, цени, можности за корисниците итн.);

3. Каква е состојбата на ова поле во државите од ЕУ, на пример во Германија.

Во натамошниот текст од барањето, им ја објаснивме состојбата во Македонија со проблемите со кои се соочуваме при снабдување со помагала за лицата со телесен инвалидитет. Факт е дека во последните неколку години, Листата на помагала што ги исплаќа ФЗОРСМ вклучува неколку компоненти и видови протези што овозможуваат протези со подобар квалитет, но исто така е факт дека добивањето вакви протези е само за ограничен број корисници кои треба да исполнат неколку услови:

1. Возраст до 65 години.

2. Редовно вработување или образование,

3. Ниво на активност.

Кога ќе ги земеме предвид ограничувачките услови, останува дека овие позитивни промени важат за 3-4% од корисниците на протези. Останатите корисници остануваат со протетски компоненти кои датираат од пред 30-40 години.

Што се однесува до ортозите како ортопедските помагала, во последните 20-30 години нема никакво движење во вклучувањето на нови ортотички решенија или во квалитетот на ортотичките компоненти. Кога разговаравме со македон-

ските компании за изработка на ортопедски помагала, покрај рестриктивната Регулатива за набавка на ортопедските помагала, најчестиот проблем е цената, бидејќи референтните цени во МКД не се промениле во последните 30 години. Прашање е колку долго ќе можат да продолжат овие фирми да ни ги снабдуваат потребните помагала, дури и со застарени компоненти и решенија, бидејќи поради ниските референтни цени, тие повеќе не се во можност да го следат растот на инфлацијата и зголемувањето на цените од страна на добавувачите на компонентите за нивна изработка, што мошне негативно влијае на нивната работа.

Како што разбравме за време на нашите разговори со компаниите што произведуваат помагала, како договорни добавувачи за ФЗОРСМ, нивниот договор со ФЗОРСМ истекува на 31. 12. 2026 година и повеќето од нив изјавија дека нема да ги продолжат договорите за голем број ортопедски помагала од Листата на помагала дефинирана од ФЗОРСМ.

Целта на вашата презентација е членството на МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА и институциите (особено ФЗОРСМ) да стекнат знаење за состојбата во соседните земји и во која насока треба да се бара решение за подобрување на состојбата во Република Македонија.

Презентацијата би се одржала во просториите на МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА, пред членството и претставниците на институциите што го регулираат ова прашање во нашата држава.

Се надеваме дека „Ото Бок Адриа“ ќе го прифати нашето барање и дека во догледно време ќе се одржи ова мошне значајна тематска работилница на наша иницијатива.

*Б. Јовановски*

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА МУЛТИПЛЕКС СКЛЕРОЗА

Светскиот ден на мултиплекс склероза (МС) се одбележува секоја година на 30 мај и претставува глобална иницијатива посветена на подигање на свеста за мултиплекс склероза, поддршка на лицата кои живеат со оваа болест и промовирање на подобар пристап до дијагноза, третман и рехабилитација.

Овој ден за првпат беше одбележан во 2009 година, по иницијатива на Multiple Sclerosis International Federation (MSIF), во соработка со национални здруженија за МС од целиот свет. Оттогаш, милиони луѓе во повеќе од 100 земји се вклучуваат во кампањи, јавни настани, едукативни активности и акции за застапување на правата на лицата со МС.

Во Македонија боледуваат приближно 2.500 лица а се претпоставува дека во Скопје има речиси една третина од вкупната бројка на заболени. Во „Мобилност Скопје“ се зачленети околу 230 члена, што всушност претставува доволно сериозна бројка, да се приклучи кон светската асоцијација на здруженија во одбележување на мс-денот.

По тој повод, со особена чест и достоинство, на 28 мај „Мобилност Скопје“ со помош и целосна поддршка од Град Скопје, единаесетта година по ред го одбележа Светскиот ден на мултиплекс склероза.



Секоја година се избира посебна тема која ги истакнува најважните предизвици со кои се соочуваат лицата со мултиплекс склероза, како што се раната дијагноза, пристапот до терапија, социјалната вклученост, квалитетот на живот и борбата против стигмата.

Светскиот ден на МС е можност да се испрати силна порака за солидарност, разбирање и поддршка кон повеќе од 2,9 милиони луѓе низ светот кои живеат со мултиплекс склероза, како и кон нивните семејства и негуватели.

Настанот беше проследен со мирен марш кој започна од Порта Македонија, по ул. 11 Октомври преку Собранието на РМ и продолжи се до ДХО „Даре Џамбаз“, испраќајќи силна порака за поддршка, видливост, еднаквост, разбирање и почит кон лицата кои секојдневно се соочуваат со оваа тешка болест.

Светскиот ден на МС, овие три години има тематика со слоган за поврзување, истакнување лични искуства за животот со мс, но во корист кон подобра информираност, заеднички пристап во справување со секојдневните тешкотии, поттикну-

вање итна потреба за еднаквост меѓу еднаквите и неодложната потреба од прифаќање на лицата во заедницата. Нашето здружение гордо се приклучува по стапките на светската асоцијација и полека но сигурно влегува во порите на системот од кој ги побарува сите потреби за справување со предизвиците (пристапност, мултидисциплинарен пристап во лекувањето, социјална сигурност за остварување на правата за надоместоци, асистенција и згрижувачки центри, нов правилник за ортопедски помагала и слично).



На настанот присуствуваа голем број високи гости, јавни личности и поддржувачи, меѓу кои:

Заменик-министерот за социјала, демографија и млади - Ѓоко Велковски, министерот за здравство - Азер Алиу, градоначалникот на општина Аеродром - Дејан Митески, градоначалникот на општина Гази Баба - Бобан Стевковски, координаторката на НКТ при Владата на РМ - Снежана Трпевска, главната соработничка на градоначалникот на Град Скопје -Ана Ѓуровска, пратеници од собранието на РМ-членови на ИППГ, Ортопедската куќа „Славеј", нашата д-р Соња Бојаџиева, студенти од ММСА, претседателот на Мобилност Македонија -Бранимир Јовановски, ТВ-куќи, новинарките Викторија и Виолета Совкаровска, членови од Мобилност Скопје и Македонија, како и останати случајни и добронамерни поддржувачи.

Денешниот марш не беше само прошетка низ улиците на Скопје — тој беше симбол на храброста, борбата и надежта. Симбол дека лицата со мултиплекс склероза не се сами и дека заедно можеме да изградиме општество со повеќе разбирање, човечност и еднакви можности за сите.

Голема благодарност до сите кои присуствуваа, помогнаа и ја поддржаа оваа благородна иницијатива. Само заедно можеме да бидеме гласот на оние кои секојдневно водат тивки, но големи битки.

*Христина П.*









# ПОДДРШКА ОД ЕУ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

На 19. 5. 2026 во Галеријата „Остен“ во Скопје се реализираше изложба на уметнички дела и избрани постери од студентите на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет во Скопје, како дел од соработката меѓу КСЗД (Комисија за спречување и заштита од дискриминација) и Европскиот универзитет Скопје, со цел подигнување на јавната свест за еднаквоста и недискриминацијата преку уметност и дизајн. Изложени се 25 постери, од кои секој претставува уникатен и креативен одговор на темите човекови права, еднаквост и ненасилство.

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ има за цел зајакнување на владеењето на правото во Република Северна Македонија, и е дизајниран да ги поддржи релевантните институции во државата кои работат на полето на правдата, спроведувањето на законот, борбата против корупцијата и промоцијата и заштитата на основните и човековите права за подобрување на нивните капацитети, ефективност и влијание. Проектот е целосно финансиран од Европската унија, а имплементиран од Лудвиг Болцман Геселшафт - Институтот за основни и човекови права (LBI-GMR), Министерството за внатрешни работи на Република Словенија, Министерство за правда, јавна администрација и дигитална трансформација на Република Хрватска и Центарот за меѓународна правна соработка (CILC).

*Гораст В.*












# УНАПРЕДЕН КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ ЗА ПРАВНА ПОМОШ

На ден 21. 4. 2026 година во просториите на UNDP во Скопје се одржа еднодневна работилница од Регионалниот проект EQUALS поддржан од Австриската агенција за развој и спроведен од УНДП во партнерство со Владата на Северна Македонија, и истиот претставува клучна инцијатива за реформирање на рамката за правна помош во Северна Македонија, усогласувајќи ја со стандардите на Европската Унија и меѓународното право за човекови права. Овој проект ќе се спроведува и во Република Албанија и во нашата држава. Времетраењето на овој проект се реализира од 1 ноември 2025 година до 31 октомври 2028 година.

Проектот има за цел да го подобри пристапот до правда за мажите и жените со и без попреченост во Северна Македонија како дел од нивните процеси на интеграција во Европската Унија, преку подобрување на квалитетот и ефикасноста на системот за бесплатна правна помош. Се предвидува овој проект да вклучи приближно 3.000 корисници во период од три години, повеќе од 150 професионалци кои ќе имаат директна корист од активностите за градење на капацитети и размена на знаења, осум региони од земјата преку свои регионални канцеларии. Интервенциите ќе бидат спроведени во






сите осум региони во земјата, а со поголем фокус ќе бидат активностите што ќе се одвиваат во општините: Скопје, Куманово, Штип, Струмица, Тетово, Битола, Делчево и Свети Николе.

*Гораст В.*



# ИНТЕРВЈУ НА БРАНИМИР ЈОВАНОВСКИ ЗА ПРИСТАПНОСТ ДО ИНСТИТУЦИИТЕ



**1. Колку членови брои „Мобилност Македонија"?**

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија е невладина, непартиска, национална инвалидска организација, основана во 1986 година, која има за задача ***да ги претставува и застапува лицата со телесен инвалидитет и нивните интереси во комуникација со државните органи во РСМ и на меѓународно ниво. Мобилност Македонија*** претставува чадор организација на повеќе од 8.000 лица со телесен инвалидитет, доброволно здружени во 16 општински, меѓуопштински и градско здружение на лица со телесен инвалидитет. ***Членови на Мобилност Македонија се граѓани, државјани на Република Северна Македонија кои имаат пречки во мобилноста поради телесен инвалидитет предизвикан од параплегија, дистрофија, ампутација на екстремитет, детска парализа, мултипла склероза и други невромускулни или коскени заболувања кои доброволно ќе пројават интерес да се зачленат во здруженијата кои дејствуваат на територијата на нивното живеалиште.***

**2. Како ја оценувате моменталната состојба со пристапноста до јавните институции за лицата со попреченост во Македонија и кои се најчестите проблеми кои ги забележувате кога се во прашање пристапните рампи, лифтови, сензорни патеки?**

Пристапноста до јавните институции за лицата со попреченост не е на завидно ниво, напротив, можеме да кажеме дека поголемиот број на институции не се пристапни особено за лицата со потежок телесен инвалидитет кои се движат со инвалидска количка, како и за потполно слепите лица. Кога зборуваме за пристапност, погрешно е да се мисли дека само премостување на висинска разлика на влезна врата претставува пристапност на самиот објект. Без обележани паркинг места за паркирање на возила управувани од лица со попреченост, доволно широки како влезни, така и врати во внатрешноста на објектите, лифтови и платформи за внатрешно премостување на катови, адаптирани тоалети за лица кои се движат со инвалидски колички, широки ходници без бариери итн. не може да стане збор за пристапен објект. Како сојуз на лица со телесен инвалидитет, особено не загрижува непристапноста на објектите во кои се изведува настава во сите степени на образование, бидејќи тоа е директна пречка за едукација и стекнување на знаења и вештини на лицата со попреченост, конкурентни на пазарот на трудот, и понатаму по принцип на споени садови недоволната едуцираност претставува сериозна пречка за нивно активно вклучување во сите пори на општеството.

**3. Дали според Вас институциите ги почитуваат законските стандарди за пристапност?**

Ако зборуваме за непристапни објекти во кои се сместени институциите, тоа автоматски значи дека истите не ги почитуваат стандардите за пристапност.

►

**4. Според вас, кои институции и јавни, културни објекти во Македонија не се пристапни најчесто за лицата со попреченост и што значи тоа за нив (особено кога зборуваме за градови и села надвор од Скопје)?**

Мобилност Македонија нема правено студии за пристапност на институциите во нашата држава на национално и локално ниво, но според кажувањата на нашите членови, и според наше лично искуство, поголем број од институциите не ги задоволуваат стандардите за пристапност.

**5. Дали добивате поплаки или пријави од граѓани во насока на непристапност до институции? Кои се најчестите?**

Да, добиваме поплаки од нашите членови, најчесто за неможност за паркирање, скали на влезовите недостаток на лифтови или истите не се во функција и сл. Што се однесува до паркирањето и кусото застанување со возило пред институциите сега со системот на Сејф Сити станува уште поголем проблем, бидејќи камерите го регистрираат секое, па макар и минимален застанување, што претставува прекршок, без можност камерите да проценат дека на лицето со попреченост во отсуство на обележан паркинг, кусото застанување пред институција му е единствената опција да заврши некоја работа.

**6. Кои активности и промени, според Вас, треба да се преземат за Македонија да стане попристапно општество за лицата со попреченост?**

Пред сè, доследно и целосно почитување на веќе донесената законска и подзаконска легислатива за пристапност и вградување на елементи на пристапност при изградба на сите објекти од деловна, станбено-деловна и станбена намена, а во наредна фаза промена на Законот на градење во делот на пристапноста. „Мобилност Македонија“ беше дел од работна група за време формирање на нацрт-текстот на новиот Закон за градење и тогаш побаравме и од комисијата беше вградено во текстот, неколку дополненија меѓу кои пристапноста да стане еден од основите за градба, што би значело без почитување на овој основ нема изградба на било каков објект, а исто така побаравме и заострување на казнената политика во случај на непочитување на стандардите на пристапност со привремено одземање на лиценци на лица кои ќе издадат градежна дозвола (подоцна и употребна дозвола) на објект кој не ги содржи елементите на пристапност. Законот за градење е во постапка за донесување и ќе видиме дали ќе ги содржи нашите барања кои се од суштинско значење за непречено движење, работење и станување на лицата со попреченост.

**7. Дали како „Мобилност Македонија“ имате поднесувано некакви барања, иницијативи и слично за промена на состојбата со пристапност за лицата со попреченост и каков бил исходот, има ли слух од институциите?**

Да, веќе Ви одговорив во претходното прашање. Покрај тоа, сме организирале и повеќе кампањи во локалните самоуправи наречени „Пристапна Македонија“ на кои присуствувале и лица од секторите за урбанизам во локалните самоуправи, кампањи на кои со соодветна презентација на состојбите и проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост, како и преку отворена дискусија, сме укажале на сите недостатоци и сме понудиле конкретни решенија за надминување на состојбата со пристапност.

*Б. Јовановски*

# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ЕКО-РАБОТИЛНИЦА „ВТОР ЖИВОТ НА ПРЕДМЕТИТЕ“

„Втор живот на предметите“ е мотото на еко-работилницата, која на 7 април се одржа во просториите на „Мобилност Битола“, а во организација на Марија Мисирлиевска-Мијоска, со менторска поддршка од Симона Јовеска, како дел од проектот „ЗЗЗ – Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина“, финансиран од Амбасадата на Швајцарија, преку програмата „Цивика мобилитас“, а реализиран од Центар за младински активизам КРИК, Центар за социјални иницијативи „Надеж“ и Здружение на социјални работници на Македонија – ЗСРМ.

Настанот дополнително ја збогати иницијативата на нашите членови и пријатели креативци, кои секоја недела се собираат во просториите на здружението на редовните работилници за плетење со чингелаќе. Со користење на волница, пластика, дрво, картон и текстил, учесниците изработија уникатни и функционални предмети. Процесот не беше само креативен, туку и едукативен – поттикнувајќи размислување за повторна употреба, намалување на отпадот и одговорен однос кон животната средина.

Ваквите настани и иницијативи се секогаш добредојдени, особено заради нивниот придонес за поголема вклученост и видливост, не само на нашите членови, туку и на сите лица со







попреченост. Се надеваме дека во иднина ќе ги има во уште поголем број. Активностите продолжуваат.

Д-р *Нико Јанков*

# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ВО НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА КНИГАТА И АВТОРСКОТО ПРАВО



На 23 април 2026 година, по повод Светскиот ден на книгата и авторското право, НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола организираше пригодна манифестација на која присуствуваа и претставници на „Мобилност Битола“. Пред самиот почеток на настанот, претседателот прим. д-р Нико Јанков и членката на УО, авторка и поетеса м-р Биљана Тодоровска имаа срдечен и плодотворен разговор со директорката на библиотеката, м-р Емилија Стефановска-Давкова, со обостран договор за континуитет на нашата соработка и пријателство, учество во проекти и работилници, со користење на салата и опремата, како и други погодности за нашите членови без надомест.



Отворајќи ја манифестацијата, директорката во кратки црти го истакна значењето на книгата и авторското право, а потоа актерката Јулијана Мирчевска од Народниот театар – Битола ѝ даде глас на светската и македонската порака за 23 април. На самиот крај на манифестацијата, директорката на сите учесници им подари по една книга, а на дамите и по еден црвен трендафил.

Во оваа пригода, уште еднаш изразуваме благодарност до НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола за континуираната досегашна и идна соработка, и се надеваме дека истата ќе продолжи во позитивна насока. Активностите продолжуваат.

Д-р *Нико Јанков*

# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА НАСТАН „BUSINESS MAMMA NETWORKING“



Знаењата се бесконечни, а вештините се патот до бесконечноста, но само сопствениот талент и сопствената идеја може да ги постави границите на можноста. Оваа непишана дефиниција за нови сопствени откритија беше позадината на која се случи еден прекрасен ден, на кој по покана од страна на нашата пријателка психолог Бојана Петровска и нејзиниот Мама круг, „Мобилност Скопје» со неколку свои членови, присуствуваше на настанот;

“Business Mamma Networking”

Преполнетата сала од бројни млади претприемаши и нивните штандови, бројни експерти во бизнис-маркетинг индустријата и големиот број посетители во х. „Мериот“, говореа за успешноста на овој проект како и значењето за создавање иновативни мали бизниси со можност за прераснување во уникатен личен бренд. Темата беше посветена на жените кои треба

да ги скршат предрасудите на стереотипна жена, одлучно да се придвижат кон бизнис-секторот, да ја користат конкуренцијата, да се вмрежуваат со примери на слични бизниси итн.

Експертите дадоа животни лекции кои помогнаа секој присутен да ја почувствува својата лична моќ и во иднина проба да ја употреби односно искористи во полето каде што припаѓа.

Нашето здружение е гордо што на овој голем настан ја почувствува еднаквоста со заедницата и можноста дека попреченоста е само форма, но не и суштина. Ние сме силни со нашите способности и можеме да го користиме она што не прави креативни и моќни создавачи на дела, само тоа треба вистински да го посакаме и одлучно да се обидеме да го канализираме.

Благодариме Бојана за поканата и можноста да ја почувствуваме моќта на еднаквост меѓу еднаквите.

*Христина П.*




## НАСТАН НА ИППГ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ

По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост и Меѓународниот ден на човековите права, „Мобилност Скопје" , денеска во Собранието на РМ, учествуваше на настан организиран од страна на Интерпартиската парламентарната група, на тема;

„Поттикнување на инклузивни општества за лицата со попреченост за унапредување на социјалниот напредок".

На настанот присуствуваа претставници од парламентот, институции, граѓански организации, академската заедница, како и студенти и засегнати страни.

Состанокот започна со поздравно обраќање на претседателот на Собранието, Африм Гаши и претседавачот на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост, Никола Мицевски.

Тие говореа за најфундаменталните вредности на демократијата: вклучувањето на секој граѓанин во заедницата, неговата инклузија за општествен напредок во економскиот и технолошкиот развој, односно неговото придонесување преку реализација на својот уникатен потенцијал. Заемната комуникација на лицата со попреченост и нивното тежнеење за видливост и вниманието на политичките чинители за нивната општествена благосостојба при креирањето на политиките, од другата страна, е главната задача која ја остварува Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост, потврдија г-дин Гаши и г-дин Никола.

Потоа следеа презентациите на Јована Тренческа (ИДСЦС / ПСП) и Ана Богдановска (Парламентарен институт) кои ја претставија актуелната состојба и наоди од истражувања за маргинализираните групи и предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост.

Во панел-дискусијата, модерирана од Александра Крстеска (НДИ), панелистите Ангелинка Петкова, Јована Тренчевска, Снежана Трпевска, Елена Кочоска и Љубиша Савески, разговараа за стратегиите за унапредување на инклузивноста, социјалниот напредок и пристапот до образование, здравство и социјални услуги за лицата со попреченост.



Настанот заврши со прашања и коментари од присутните, при што студентите и претставниците на граѓанските организации активно учествуваа во дискусијата.



Овој настан претставува важен чекор кон подобрување на инклузивноста, заштита на човековите права и градење на општество во кое лицата со попреченост имаат еднакви можности и пристап до сите сфери на живеењето. Токму затоа нашето здружение активно се вклучува на ваков вид настани, каде што смета дека може да партиципира и да даде придонес кон подобрување на основните потреби за лицата со попреченост во нашиот град и држава.

*Христина П.*

# СВЕЧЕНА СЕДНИЦА НА НКТ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ

По повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, членовите од „Мобилност Скопје“, кои партиципираат во Националното координативно тело (НКТ) за имплементација на конвенцијата на ООН при Владата на Р Македонија, имаа чест да бидат дел од носителите на настанот во свечената сала во владата на Р Македонија по повод одбележувањето на денот.

На настанот присуствуваше вицепремиерот за политички систем, г-дин Љупчо Димовски, министерот и заменик-министерот за социјала, демографија и млади, г-дин Фатмир Лимани и г-дин Ѓоко Велковски, министерот за здравство, г-дин Азир Алиу, министерката за образование, г-ѓа Весна Јаневска, министерот за спорт и млади, г-дин Борко Ристевски, претставници од министерствата за локална самоуправа и правда, градоначалникот на Град Скопје, г-дин Орце Ѓоргиевски, заменик-претседателот на ООН во РМ, г-дин Армен Григорјан, професори, членови на НКТ, членови на сојузот на инвалидските организации предводени од претседателот на „Мобилност Македонија“ - Бранимир Јовановски, и ученици со професори од Државното средно училиште-ресурсен центар „Димитар Влахов“- Скопје.

Настанот го отвори модератор, г-ѓа Христина Просковска, која на почеток ја повика м-р Снежана Трпевска, советник на претседателот на Владата и координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, да не воведе во целите на телото, значењето на денот, неодложните потреби за промени во системот на државата, брза имплементација на лицата со попреченост во заедницата, неопходноста од изедначување на правата и уживањето на сите елементарни потреби со останатите во заедницата.



По неа говореа министерот Фатмир Лимани, г-дин Армен Григорјан и заменикот на претседателот на Влада, г-дин Љупчо кои сублимирано говореа за еднакво општество, изедначување на можностите, подобрување на социоекономскиот живот на лицата со попреченост. Со нивните говори влеаја надеж и поттик дека во иднина ќе има подобрување во сите сегменти и дека упорноста во подобрување на условите и потребите за лицата со попреченост, ќе добие зголемен интензитет.



Настанот го круниса, културно-уметничка програма, во изведба на ученици од Државното средно училиште со ресурсен центар „Димитар Влахов“ од Скопје, која експлицитно го долови лицето со попреченост, неговата вредност но и неговата огромна потреба за поддршка од општеството.

*Христина П.*

# ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА ПО ПРОЕКТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, АДАПТАЦИЈА И ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

На ден 21.05.2026 година, „Мобилност Скопје“ по покана од Г-ѓа Сузана Попоска при ЈУ „Завод за рехабилитација на деца и младинци“, Топанско Поле - Скопје, беше одржана панел-дискусија од страна на експерти по проект на EU Socieux и тоа;

Експерт 1: Ignacio Velo Antolín (Шпанија), Фондација ONCE, експерт за инклузија, интернационална соработка, и вработување на лица со попреченост,

Експерт 2: Masa Dizdar (Шведска), Агенција за вработување на Шведска, експерт за интеграција на пазар на труд, развој и инклузии,

Претставници од НВО, Стојан Андонов – Крикокупационен терапевт, Сефер Хисени-Шпреса, Љупка Арсова Јуришиќ , Снежа Коџабашиева, Емилија Мијалова - едукатори од Ресурсен Центар и претставници на Мобилност Скопје - Елизабета Васиљевиќ и Игор Николовски.

Панел-дискусијата беше насочена на тема; вработување, инклузија, адаптација и прифаќање во работните средини на лицата со попреченост.



На самиот почеток од дискусијата едногласно беше констатирано дека недостасува конекција помеѓу лицата за вработување, министерствата, агенцијата за вработување и претпријатијата.

За да се постигне ова, проектот ќе развие структурирана методологија — заснована на докажани европски практики, која ја поврзува проценката на функционалните капацитети на лицата со попреченост со реалните барања на работните позиции. Овој пристап вклучува изработка на јасни процедури, патеки за вработување и практични алатки за разумно прилагодување и пристапност на работното место, со силен фокус на видливост на специфичните бариери со кои се соочуваат лицата со попреченост.

Експертите најавија дека е во фаза подготовката на Законот и дополнувањето на законот за вработување и проценка при вработување на лица со попреченост, каде што ќе биде формирана комисија (во Македонија веќе има четири такви комисии) назначени како МКФ (меѓународна класификација на функционалност).

Од искуствата на ЕУ како една компонента на законот беше посочено дека услов за користење на бенефиции од државата, фирмите треба да исполнуваат КВОТА за вработување на лица со попреченост за кое Експертите нагласија дека тоа ќе биде предложено и укажано конкретно на средбата која е закажана со Стопанската комора на Македонија.

Беа опфатени и други проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост како што се јавниот превоз (непристапен влез), семафорите и недостаток на сигнализација, неозначен простор за движење, узурпирани-непристапни и високи тротоари, скалила, нефункционални лифтови, особено пред и во здравствени и сите останати јавни институции итн.

Панел-дискусијата се одржа во позитивна атмосфера, апсолутно конструктивна, со желба и интерес за подобра иднина на оваа популација граѓани.

*Христина П.*

# ПРОМОЦИЈА НА МУЗЕЈСКА ЕДУКАТИВНА СЛИКОВНИЦА „МАКЕДОНКИТЕ ВО БИТКА“

На 4 Мај 2026 година, по претходна покана од страна на нашите пријатели при Музејот на Македонска борба, неколку члена на „Мобилност Скопје“ учествуваа на Промоцијата на музејската едукативна сликовница „Македонките во битка – вистински приказни“ на авторките Ана Вишинова и Даниела Митевска.



Темата на сликовницата е посветена на храбрите ајдутки, комитки и партизанки – жени кои никогаш не стоеле настрана, туку биле двигатели на промените и борбата за човекови права и слободи. Низ живописни приказни и илустрации, авторките на оваа сликовница ја откриваат несомнена улога на жените во клучните цивилизациски настани и ја слават нивната храброст, решителност и визија.



Проектот беше промовиран во пресрет на Меѓународниот ден на жената - 8 Март и од таа причина нашето присуство на настанот означи големо браво за пријателките Ана и Даниела кои со ова дело го потврдија огромното значење на денот и улогата на жените во заедницата.

„Мобилност Скопје“ продолжува кон патот за градење мостови на пријателство, социјална инклузија и подигнување на јавната свест за лицата со попреченост.

*Христина П.*

# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ИНКЛУЗИВНА ИЗЛОЖБА ВО НАЦИОНАЛНАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ

Видливоста во јавност, можноста за прогрес на различностите, успешното разбивање на стереотипите и активното социјално дејствување во околината, се главните причини на кои нашето здружение е апсолутно фокусирано и дејствува низ годините, додека пак огромниот број стекнати пријателства со кои имаме континуирана соработка и постојани дејствија со нив, се всушност главната нишка преку која ги канализираме целите.

Токму затоа, по претходна покана, на 12 декември, членовите на Креативната работилница при „Мобилност Скопје“, во Националната галерија на Скопје (Мала станица), имаа чест да учествуваат на инклузивниот креативен проект насловен „Патувања“. Овој проект е креиран по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост а неговата цел е приближување на „нееднаквите», видливоста на децата со попреченост во секојдневието, експресионирање на нивниот



потенцијал или, кусо кажано, можноста за нивна инклузија во општеството.

Нашата пријателка, г-ѓа Маја - едукатор во музејот и координатор на проектот, нѐ воведе во темата, ни ги долови целите и го потврди значењето на оваа замисла.

Во изработувањето на делата во вид на цртежи и мозаици, учествувале ученици од гимназиите „Орце Николов", „Никола Карев", „Јосип Броз-Тито" – паралелка меѓународна матура и ДСУРЦ „Партенија Зографски" – училиште за деца со оштетен слух и говор и нивните ментори-студенти од Факултетот за ликовни уметности – Скопје, под менторство на проф. Велимир Жерновски и студентите од Универзитетот „Фонтис" од Холандија.

За нашето здружение оваа изложба беше уште еден убаво поминат ден со стекнати нови искуства за Креативната работилница, но и почеток за нови пријателства кои ќе понудат следни уметнички идеи.

*Христина П.*



# НОВОГОДИШЕН НАСТАН ЗА НАЈМЛАДИТЕ ОД „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ"

Грижата на нашето здружение кон своите најмлади членови и нивната радост околу новогодишните празници беа главниот мотив, на 24 декември, во ДХО 2Даре Џамбаз" да го одржиме настанот по повод доаѓањето на Новата година.

Пријателите од „Театар Среќа" (Ѓорги Тодоровски-Трупче, Ели Клинчаровска Младеновска, Симон Манасковски, Викторија Анѓушева и Душица Стојановска Настовска) и оваа година беа тука за нас кои преку прекрасната детска претстава „Дедо Мраз Стич и Енџел», им ја доловија на дечињата магијата на овој убав период.

По завршувањето на претставата следуваше највозбудливиот момент на вечерта, доделувањето на новогодишните пакетчиња од страна на Дедо Мраз.

„Мобилност Скопје" им се заблагодарува за почитта и присуството на настанот на градоначалникот на Општина Центар, г-дин Горан Герасимовски, претседателката на советот на Општина Аеродром, г-ѓа Сузана Павловска и советничката Елена Тренчевска и нашата проф. д-р Соња Бојаџиева, но најголема благодарност изразува до сите хумани општини, асоцијации и општо одговорни компании (ММСА-Македон-



ска медицинска студентска асоцијација, Општина Аеродром, град Скопје, Општина Центар, Комерцијална банка АД Скопје, АЛКАЛОИД и Даути Комерц), за несебично подарените пакетчиња.

СРЕЌНА НОВА 2026 ГОДИНА МИЛИ НАШИ ДЕЦА, НЕКА ОВАА ГОДИНА ВИ ПОДАРИ МНОГУ УБАВИ МИГОВИ И ДЕНОВИ ИСПОЛНЕТИ СО БЕЗБРОЈ НАСМЕВКИ!

*Христина П.*



# БАЗАР НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО МУЗЕЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА

Во пресрет на новогодишните и божиќни празници, на 18 декември, во Музејот на македонската борба, Креативната работилница при „Мобилност Скопје“, учествуваше на предновогодишен базар. На базарот зедоа учество и уникатни ракотворци од две училишта, Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ од Скопје и ООУ „Лазо Трповски“ од Скопје.



На четиричасовниот настан, продефилираа голем број лица, љубители на ракотворбите, уметници, музејски кустоси, сликари, реставратори и конзерватори на текстил и накит, моделатори, менаџери, управители, деца креативци итн. Сите посетители со восхитување и едногласно говореа за изработките, се интересираа за начинот на работата на работилницата, дури искажаа желба да партиципираат волонтерски во неа.



Со уште еден прекрасен предновогодишен базар, работилницата ја оправда уникатноста и го потврди своето место во „Мобилност Скопје“, која води кон успешна инклузивност на лицата со телесна попреченост за еднаквост во опкружувањето.

Голема благодарност до нашата единствена, кустос и менаџерка, Ана Вишинова, в.д. директорката Анче Илиевска и сите вработени во музејот, како и вредните членови кои неуморно партиципираат во Креативната работилница при здружението.

*Христина П.*

# НОВОГОДИШЕН ХУМАНИТАРЕН БАЗАР НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

На последниот ден од 2025 година, нашите членови и активисти кои учествуваат во работилниците за плетење со чингелаќе, организираа новогодишен хуманитарен базар со рактворби, овој пат на платото пред „Офицерскиот дом“. Со логистичка поддршка од КИЦ Битола, базарот се одржуваше истовремено со програмата на „Зимска приказна“, што придонесе за големиот број посетители.

Собраните средства од овој и од претходниот хуманитарен базар, што се одржа во „Блис мол“ на 6 и 7 декември 2025, ќе бидат наменети за одржливост и континуитет на работилницата, односно за набавка на материјали за работилниците кои ќе продолжат по празниците.



Интересно е тоа што интересот за учество во работилниците постојано расте, и речиси секоја недела имаме нови пријатели и поддржувачи.

Во план е и подготовка за реализација на нов хуманитарен базар, за којшто ќе се изработуваат тематски производи за следните празници – 8 Март и Велигден. Се надеваме дека оваа активност на нашите членови, пријатели и поддржувачи ќе продолжи со истиот тренд и дека успесите нема да останат незабележани.

Д-р *Нико Јанков*

## НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање за весникот број 107 гласеше:

**Колку години од своето формирање прославува Мобилност Македонија во 2026 година?**

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи: 40 години од формирањето на Мобилност Македонија.

Во канцеларијата на Мобилност Македонија дадениот рок не пристигна ниту едно писмо со точен одговор од наведеното прашање.

Наградата за точен одговор на наградното прашање е викенд за две лица во хотелот „Струшки Галеб“ во Струга со платени трошоци за превоз во висина на автобуската карта. Наградата може да се користи од 1 мај до 30 септември во тековната година.

Донатор на оваа награда е управникот на хотелот „Струшки Галеб“ во Струга. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од секретарот на Мобилност Македонија на телефон бр.: 070 277 304.

Веруваме дека наградата викенд за двајца во Струга е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.

Се надеваме дека интересот за наградната игра во наредниот период ќе се зголеми, а ние ветуваме дека поставените прашања ќе бидат полесни. Во овој број очекуваме одговори на што поголем број на наши членови-читатели на весникот.

Наградно прашање за овој број на весникот гласи:

**Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, секоја година традиционално организира Републички квиз натпревар во знаење за своите членови.**

Прашањето за овој број на списанието „Мобилност“ гласи:

**Кој по ред Републички квиз натпревар во знаење Мобилност Македонија ќе го организира во 2026 година?**

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адреса „Мобилност Македонија“ на ул. „11 Октомври“ 42-а Скопје, со назнака ЗА НАГРАДНАТА ИГРА за списание Мобилност број 108.

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непреносива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кој го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд покрај Охридското Езеро во Струга.

*Горасш В.*

# КОНЦЕРТ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ



„МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ” по повод 3 Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост, на 4 декември во ДХО „Даре Џамбаз“, го одржа хуманитарниот концерт за „Еднакви можности“.

Поривот за својот статус во заедницата и борбата за остварување на правата во општеството претставува базичната причина лицата со попреченост уште во декември 1982, успеат да ја формулираат светската програма за акција во врска со лицата, односно една декада подоцна, во 1992 година на Генералното собрание на ООН, се прогласи „3 Декември“ како светски ден за одбележување на оваа голема популација во човековото семејство. По тој повод здружението за телесни инвалиди „Мобилност Скопје“, континуирано и децениски создава програми кои ќе дадат силна порака за свесност, еднаквост и информираност, односно ќе тежнее преку ваков вид активности да придонесе кон брза и успешна интеграција на лицата со попреченост во заедницата.

Оваа година, здружението организира хуманитарен концерт насловен „Еднакви можности“, каде што рамо до рамо неколку членови - вокалисти од „Мобилност Скопје“ и „Мобилност Македонија“ (Гоце, Николчо, Ванѓа, Стево, Зорица, Марија и Христина) и неколку реномирани естрадни артисти (Милица Кузмановска, Елена Велевска, Благоја Груевски, Маријан Коцев, Група Круна и Орде Неделковски), одржаа концерт за паметење. Водителка на настанот беше нашата драга Викторија Петровска, која со својот професионален пристап ѝ даде посебен шарм на вечерта.

Специјални гости беа: заменик-министерот за социјала, демографија и млади, г-дин Ѓоко Велковски, градоначалникот на Општина Гази Баба, г-дин Бобан Стефковски, градоначалникот на Општина Аеродром, г-дин Дејан Митевски, претседателката и советничката на советот на општина Аеродром, г-ѓа Сузана Павловска и Елена Трпчевска, проф. д-р Калина Гривчева-Старделова - претседател на Лекарската комора на РМ, проф. д-р Соња Бојаџиева-специјалист по педијатрија, пратеничките во парламентот на РМ Жаклина Пешевска и Дијана Илиевска, генералниот секретар на ДХО „Даре Џамбаз“, г-дин Драган Дојчиновски, секретарот на „Мобилност Македонија“, г-дин Гораст Велковски, директорот на ортопедската куќа „Славеј“, г-дин Горан Чаловски, главната сестра на ЈЗУ „Јане Сандански“, г-ѓа Анита Димовска, главната сестра на клиниката за Онкологија, г-ѓа Јасмина Јовчевска, пријателите од КСРИ Битола и уште многу други наши соработници, пријатели и членови.

Пред почетокот на концертот беше повикан г-дин Ѓоко Велковски, кој нè воведе во темата и ни ги подари новите очекувања кои претстојат во општеството а се за наше подобро утре и го дефинира правото загарантирано со меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост. Веднаш по него беше повикан да се обрати г-дин Бобан Стефковски, главниот поддржувач на овој проект, лицето кое го имаше ексклузивното право (по неговиот концизен говор, секогаш апсолутно остварен на дело) да го означи почетокот на концертот.




Многу музика, многу песни, многу насмевки, радост, среќни лица, полни гради воздишки, многу пријателски прегратки со заедничко пеење од сите грла на присутните во еден глас... ете таков беше нашиот концерт.

Кој беше, успеа два часа и половина да добие „бесплатна витаминска терапија», а кој не беше, му ветуваме дека тука нема да е крајот на ваквите концерти на нашето здружение туку напротив следниот ќе ги очекуваме во поголема сала, со повеќе изведувачи и многу поголем број поддржувачи.

Се гледаме на следниот концерт!!!

*Христина П.*

# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ЈА ЗАОКРУЖИ 2025 ГОДИНА

На 20 декември 2025 година, во ресторанот „Корзо“ во Битола, „Мобилност Битола“ традиционално ја организираше предновогодишната забава за своите членови и пријатели, заокружувајќи ја годината што изминува, а особено низата активности што го одбележаа месец декември.



По повод 3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со инвалидност/попреченост и 4 Декември – Денот на Мобилност Македонија, УО на „Мобилност Битола“ донесе одлука за организирање на хуманитарен базар во соработка со ЗУР „Македонски ракотворби“, што се одржа на 6 и 7 декември во „Блис мол“, со ракотворбите создадени од вредните раце на нашите членки, пријатели и поддржувачи во рамките на многуте работилници кои и понатаму се одржуваат во просториите на здружението. Со друга одлука, УО реши да го спои чествувањето на Денот на „Мобилност Битола“ – 10 Декември – со предновогодишната забава и со една манифестација да ги одбележиме сите овие значајни настани.



Токму затоа, забавата на 20 декември започна со доделување на благодарници на иницијаторките и сите заслужни членови, активисти и пријатели кои имаа особен придонес во реализацијата на гореспоменатите активности. Потоа, педесетината присутни, меѓу кои и гостите од „Мобилност Штип“ и ЗУР „Македонски ракотворби“, во пријатна атмосфера и со музика од бендот „Носталгија“, продолжија да се забавуваат до доцните попладневни часови.

Оваа дружба уште долго ќе ни остане како пријатно сеќавање, но и како поттик за уште повеќе нови дружби и иницијативи за новата година што ни е на прагот. Нека ни се среќни новогодишните и божиќните празници и Среќна Нова 2026 година!

Д-р *Нико Јанков*

# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ СО ПРОСЛАВА НА СТАРА НОВА ГОДИНА/ВАСИЛИЦА 2026

На 10 јануари 2026 година, членови на „Мобилност Битола“ во клупските простории на здружението ја одбележаа Старата нова година/Василица. Како и секогаш, организацијата е практично во приватен аранжман и тоа го искористија 27 наши членови. Во пријатна атмосфера, со музика, по „вртењето“ на мазникот, парето падна кај нашата членка Васка Крокарова.



Се надеваме дека во иднина бројот ќе се зголемува, а дружењето ќе биде сè поблагопријатно и конструктивно. Среќна Стара нова година и бериќетна 2026 година, здравје и почит на сите, до нови видувања и успеси.

Д-р *Нико Јанков*

# 8 МАРТ ЗА ДАМИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“

Во пресрет на празникот на жената, 8 Март, „Мобилност Скопје“ и оваа година за своите членки во ДХО „Даре Џамбаз“, организираше прикладна прослава со многу дружење, забава и незаборавни мигови.

Овој настан за дамите во здружението претставува мал гест, но огромен респект кон сите почитувани и храбри девојки, мајки, тетки, баби... кои верно партиципираат низ годините и секогаш несебично го даваат својот придонес во здружението, односно ја докажуваат константната борба во заедницата за рамноправност и еднакви можности во општеството. Нивното учество на многу проекти во областа на спорт, социјала, образование и слично, докажуваат дека креативноста, претприемничката смисла како и компетитивниот дух за успех ја отсликуваат жената како рамноправна личност на сите полиња во секојдневието, но и сликата дека таа со своето вложување и упорност создава чуда.

Благодарност за присуството до сите дами на вечерта, а особена благодарност за несебичната и верна поддршка кон здружението од страна на нашата д-р Соња Бојаџиева и координаторка при НКТ, м-р Снежана Трпевска, како и нашите пријатели поддржувачи при ортопедската куќа „Славеј“, како и фирмите „Пивара“, „Алкалоид“ и „Бела Виста“.

ЧЕСТИТ 8 МАРТ!!!

*Христина П.*





# ОСМОМАРТОВСКА ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

Во просториите на здружението, на 5 март 2026 година, група од дваесетина членови на „Мобилност Битола“ го одбележаа Меѓународниот ден на жената – 8 Март. Прославата беше организирана во сопствен аранжман, со партиципација на пријавените членови од 300 денари. Организаторите Дејан и Дијана се погрижија за набавките на храна и пијалаци, како и за подароци за дамите.





Дружбата помина во пријатна атмосфера, со разговори, шеги и музика. Се надеваме дека овој тренд ќе продолжи и понатаму во уште поголем број. Активностите продолжуваат.

Д-р *Нико Јанков*

# ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ОД ГЕВГЕЛИЈА ГО ОДБЕЛЕЖАА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА 8 МИ МАРТ

По повод Меѓународниот ден на жената, 8 Март, Здружението на лица со телесен инвалидитет организираше прослава посветена на сите членки на Здружението, која се одржа во ресторан „Софра“ во Гевгелија.

Настанот се одржа во пријатна топла атмосфера, исполнета со почит, внимание и благодарност кон жените за нивната улога и придонес во општеството.

Со голема поддршка од Фондацијата „Ице Бегов“, која беше претставувана од сопственичката Елена Бегова која, на секоја жена и додели скромен подарок како знак на внимание, и почит по повод овој празник.

Фондацијата Ице Бегов исто така ги покри, и трошоците за свечениот ручек по повод одбележувањето на овој настан со, што придонесе овој ден да биде одбележан на посебен начин и со големи емоции од страна на членовите.

Голема благодарност до г –га Елена Бегова за несебичната поддршка и хуманост.

Исто така на сите жени членки на Мобилност Гевгелија им беа подарени прекрасни цветни аранжмани подарок од здружението „Мобилност Гевгелија“, а, со многу љубов и креативност декорирани од цвеќарница „Верфил“ од с. Миравци, Гевгелија. Нивниот труд и посветеност придонесоа за повесела атмосфера и прекрасни чувства кај сите членови.





Прославата по повод овој ден помина со дружба и меѓусебната почит, остварувајќи убави спомени кај сите присутни.

Со одбележувањето на овој настан беше изразена важноста на жената и потребата и вредноста за нејзино почитување во сите сфери во општеството.

*Валерија Пеева*

# ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ „МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА“ ГО ОДБЕЛЕЖАА НАЈГОЛЕМИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК ВЕЛИГДЕН

По повод големиот христијански празник Велигден, членовите на Здружението „Мобилност Гевгелија“ се собраа и, традиционално го одбележаа овој празник со радост, почит и верба.

Како и секоја година така и, годинава беше организиран натпревар во кршење велигденски јајца, во кој членовите со голем ентузијазам и голема радост го одбележаа овој настан што помина во весела атмосфера дружење и насмевки.

Ваквите активности претставуваат убава можност за зајакнување на пријателството, солидарноста меѓусебното разбирање меѓу членовите како и за негување на традицијата и вредностите кој ги носи овој голем Христијански празник Велигден.

*Валерија Пеева*



# ГОСТУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА МС ОД ВУКОВАР

Вмрежувањето на организациите претставува еден од најбитните дејствија за разменување искуства, брзо информирање и успешна социјализација на засегнатите страни. „Мобилност Скопје" како неколкудецениско здружение внимателно ги негува овие вредности, преку кои гради мостови за пријателства и остварува добробит на членовите и заедницата во која тие гравитираат.

За оваа цел, во период од 17 до 23 мај, нашето здружение беше домаќин на гостите од здружението за мултиплекс склероза(МС) при Вуковарско-Сремската жупанија од Хрватска. Поводот, средбата да биде токму месец мај е секако светскиот ден за одбележување на МС, како и тематиката што ја носи денот-разменување искуства за ова автоимуно заболување односно да бидеме поврзани.

Со претходен договор и редовна комуникација, пријателите од Вуковар имаа изготвено проект Еразмус+ под името „Знаење, поддршка и инклузија" за партнерство помеѓу нивното и нашето здружение, поддржан од Европска Унија.

Целта на проектот беше зголемување на компетенциите на лицата со мс во областа на нивно вклучување, самостојност и отпорност, социјални и комуникациски вештини во неформалното образование.

Седмицата изобилуваше со бројни активности, состаноци, предавања, работилници, панел дискусии, размена на искуства и вештини преку активни дружења и долги разговори, како и нивно запознавање со нашата култура и традиција.

Овој проект помогна да надминеме голем број бариери за непознати теми и понуди искуства кои ќе донесат резултати при градење новини во повеќе области од животот на лицата со мс и воопшто за лицата со телесна попреченост и тоа: лична асистенција, услуги од негуватели, распоред за надоместоците, успешна психолошка поддршка, извори за добивање средства за проекти, ефикасна публикација итн.

Мобилност Скопје продолжува да ги негува пријателствата и секогаш ќе биде посветено за размена искуства кон изнаоѓање подобри решенија.

*Христина П.*







# МУЗЕЈ ВО КУФЕР

На 24 ноември 2025 година, во Музејот на современа уметност во Скопје, „Мобилност Скопје“ учествуваше на завршната изложба во рамките на проектот пристапност за сите насловен, „МСУ ремек-дела за сите“.

Раководител на проектот беше нашата драга пријателка Бојана Јанева, кустос во одделот за едукација и стручно водење при МСУ. Таа со својата професионална харизма нѐ водеше во сите три етапи низ процесот на овој проект кој е од исклучителна важност за лицата со попреченост. Алатките за пристапен музеј, кои ги промовираше овој проект, ќе дадат голем импакт врз зголемување на музејската култура кај лицата со различен вид на попречености, бидејќи тие ги следат потребите и трендовите кои нудат приспособени можности за нивно севкупно учество во музејот.



М-р Бојана заедно со д-р Ирена Ружин (НУ Завод и музеј Битола) и повеќе истакнати имиња од националните музеи во државата и надвор од неа, на присутните им ги презентираа делата создадени во 3D продукција-достапни за слепите лица, поткрепени со релјефни контури и бар-кодови за можност да се прочита објаснувањето за делата како и нивна аудиопрезентација. Во подготовка се изработките - тридимензионални предмети кои ќе се користат како макети во мобилниот куфер и ќе бидат адаптирани за лицата со телесна попреченост, односно „наместо тие да одат во музејот, музејот во куфер ќе оди кај нив“.



Нашето здружение со задоволство зеде учество на овој проект и секогаш ќе биде подготвено во иднина да присуствува на ваков вид настани во нашето опкружување.

Благодариме на музејот за современата уметност, нашата соработка продолжува.

*Христина П.*

# ХУМАНИТАРЕН ВЕЛИГДЕНСКИ БАЗАР НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

На 9 април 2026, во пресрет на велигденските празници, „Мобилност Битола“ организираше хуманитарен Велигденски базар на кој беа изложени ракотворбите создадени од нашите членови и пријатели во рамките на тековните работилници што се одржуваат еднаш неделно. Базарот се одржа на плоштадот „Магнолија“, со поддршка од Општина Битола, која ни обезбеди штанд за изложување на ракотворбите. Покрај брошови и други парчиња накит, посетителите имаа можност да си набават и плетени кошнички за велигденски јајца, како и кутии за накит и послужавници украсени со декупаж-техника, изработени во претходните серии работилници за ракотворби на нашите членови.



Сончевото и топло време дополнително го разубави расположението и на посетителите, но и на нашите членови и активисти кои ги пречекуваа со насмевка - Биљана, Дијана, Маре, Ивона и Симона, воедно и како претставничка на Општина Битола. Успешната реализација и убавото дружење е уште еден поттик за оваа иницијатива да продолжи и по-

натаму, со надеж дека ќе се приклучат уште повеќе наши членови, активисти и пријатели на здружението.

Со собраните средства се набавуваат материјали за тековните работилници што се одржуваат еднаш неделно во просториите на здружението. Веќе се разработуваат и планови за уште неколку вакви настани во текот на топлите месеци, што ќе придонесе за поголема вклученост и видливост и зајакнување на нашите членови, како и афирмација за нивното творештво. Активностите продолжуваат.

Д-р *Нико Јанков*



# ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТОТО ИНКЛУЗИВНО ПЛАНИНАРЕЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФОНДАЦИЈАТА ИЦЕ БЕГОВ

На 31 мај 2026 година членовите на „Мобилност Гевгелија“ учествуваа на Четвртото инклузивно планинарење, организирано од Фондацијата „Ице Бегов“. Настанот претставуваше можност за дружење, рекреација и уживање во убавините на природата, но и уште една потврда за важноста на инклузијата и еднаквото учество на лицата со телесен инвалидитет во сите општествени активности.

Во текот на денот учесниците имаа можност да поминат незаборавни моменти во пријатна атмосфера, исполнета со насмевки, пријателство и меѓусебна поддршка. Настанот уште еднаш покажа дека природата не познава бариери кога постои искрена желба за заедништво и инклузија.

Посебен момент за членовите на „Мобилност Гевгелија“ беше вниманието и подарокот што го добија од организаторите, гест кој предизвика силни емоции и остави траен впечаток кај сите присутни. Таквите моменти потсетуваат дека вистинските вредности се мерат со почитта, човечноста и подадената рака.

Мобилност Гевгелија упатува искрена благодарност до Фондацијата „Ице Бегов“ за нивната посветеност, поддршка и континуирани заложби за инклузија на лицата со телесен инвалидитет. Благодарение на ваквите иницијативи, сѐ повеќе се градат мостови на разбирање, прифаќање и еднакви можности за сите.

Додека како знак на почит и внимание од страна на членовите на Здружението „Мобилност Гевгелија“ беше подарен скромен подарок на г-ѓа Елена Бегова сопственик на Фондацијата Ице Бегов која со голема љубов и почит пристапува во помош и поддршка на сите лица со попреченост.



Подарокот беше избран се со цел да заживее споменот на Ице Бегов кој за жал повеќе не е меѓу нас, но живее во срцата на сите нас,- преку овој спомен Фотографија на кој е насликан Ице со својата мајка која за него беше спремна да се бори со сите бариери и тешкотии.

За присуство на овој убав настан членовите од општина Гевгелија безбедно пристигнаа со специјализираното возило доделено од Фондацијата на општина Гевгелија кој им служи на лицата со различен вид на попреченост.

*Валерија Пеева*

# ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „КРОТКА“

По повод 16 дена Активизам за борба против родово базирано насилство, Општина Кисела Вода на 6. 12. 2025 година организира настан посветен на евидентирани жртви од семејно насилство за лица кои живеат на територијата на општината.

Во склоп на овој настан, со почеток во 19:30 часот, во Домот на културата „Билјана Беличанец“, се одигра театарската претставата „КРОТКА“ од Фјодор М. Достоевски. Претставата беше со тематска содржина, автентична на денот односно ликот ја долови улогата на жртвите наспроти другите од спротивната страна.

Честа беше наша, „Мобилност Скопје“ да биде покането и учествува на настанот, односно со својата Креативната работилница и неколку нејзини вредни членови партиципира на хуманитарниот базар кој што организаторите го посветија за таргетираните лица во општината.

Нашето здружение продолжува да дејствува во насоката за остварување на целите на своето постоење, кон вмрежување во заедницата и секако да дава и добива поддршка со дела.

*Христина П.*







# „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ НА СЕДНИЦА НА ИППГ

На ден 25 февруари 2026 година, во Собранието на Република Македонија, се одржа состанок на ИППГ(Интер Парламентарната Партиска Група), посветен на унапредување на правото за здравје на лицата со попреченост.

На настанот со свои излагања учествуваа; Министерот за здравство, г-дин Азер Алиу, Директорот на ФЗОМ, г-дин Сашо Клековски, Координаторката на НКТ, г-ѓа Снежана Трпевска, Координатор на ИППГ, г-дин Никола Мицевски, заменик Координаторот на ИППГ, г-ѓа , Ангелина Петкова, Координаторот на проектот при здружението на родители, г-ѓа Далиборка и нашата пријателка и соработничка, г-ѓа Елена Кочовска.

По покана од страна на ИППГ, «Мобилност Скопје» како репрезентативно здружение на лицата со телесен инвалидитет во заедницата и член на НКТ при Владата на РМ, имаше чест да присуствува на оваа значајна дебата и преку излагањата на претседателот Гоце Миновски и неколку членови од здружението, даде свој придонес со исклучително важни иницијативи -барања за потребите на лицата во општеството во областа на здравството.

Дебатата отвори суштински прашања за пристапноста до здравствените услуги, еднаков третман, подобрување на условите во здравствените установи и креирање политики што вистински ќе одговорат на потребите на лицата со попреченост. Посебно беше истакната потребата од системски решенија, континуирана соработка меѓу институциите и граѓанскиот сектор и активно вклучување на самите лица со попреченост во процесите на донесување одлуки.





Како здружение и како дел од НКТ, остануваме посветени на заедничка работа за создавање поквалитетен, подостапен и поправеден здравствен систем за сите. Само преку дијалог, партнерство и конкретни чекори можеме да обезбедиме вистинска еднаквост и достоинствен живот за лицата со попреченост.

Мобилност Скопје останува посветено на своите цели и затоа апсолутно ја следи паролата,

„Продолжуваме гласно, одговорно и посветено – за правото на здравје да биде реалност, а не привилегија“

*Христина П*



# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ВО СОВЕТОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА БИТОЛА

На 14 април 2026 година, Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Битола ја одржа својата конститутивна седница, започнувајќи ја работата на третиот состав на Советот, во насока на зајакнување на локалниот систем на социјална поддршка. „Мобилност Битола“ за своја претставничка ја делегираше нашата членка Биљана Тодоровска, а на седницата за секретар беше избрана Симона Јовеска, советничка за социјални услуги за ранливи групи во Општина Битола, која исто така е членка на „Мобилност Битола“. За претседавач беше избрана советничката во Советот на Општина Битола, Марина Крстиќ, а за заменик-претседавач советничката во Советот на Општина Битола, Софија Ристевска-Петрушева.



Во фокусот на дискусијата беше улогата на Советот како координативно тело кое ги обединува институциите, граѓанските организации и локалната самоуправа во креирање на ефективни решенија за ранливите категории граѓани. Се дискутираше и за актуелните состојби на локално ниво, а истакната беше неопходноста од развој на нови и иновативни социјални услуги, како и подобро искористување на постојните ресурси, преку меѓусекторска соработка и партнерства.

Советот ќе се фокусира на конкретни мерки насочени, меѓу другото, кон подобрување на положбата на лицата со попреченост, со посебен акцент на пристапност, инклузија и рана поддршка, а ќе дејствува како платформа за дијалог, координација и иницирање на решенија, со цел градење на поотпорен и инклузивен локален систем.

Им посакуваме успешна и плодотворна работа на сите членови на Советот за социјална заштита на Општина Битола, а веруваме дека придонесот на нашата делегатка Биљана ќе биде исто толку успешен и плодотворен, во насока на подобрување на условите за остварување и нашите статутарни и програмски цели.

Д-р *Нико Јанков*

# ЕКСКЛУЗИВНА МОДНА РЕВИЈА НА „ЕЛЕНА ЛУКА“ И „ХЕМА ОНКО“

По покана од страна на нашите пријатели од здружението» ХЕМА ОНКО», Мобилност Скопје со три свои членки, имаше чест да учествува на гламурозниот настан по повод 6 Февруари – Светски ден за борба против карциномот, насловен, ЕКСКЛУЗИВНА МОДНА РЕВИЈА ‘ЕЛЕНА ЛУКА’”

Настанот се одржа во просториите на МКЦ каде што дваесет дами учеснички под палката на професорки и ученици од средното училиште „Димитар Влахов“ и стручниот тим на модното студио „Елена Лука“, целодневно се подготвуваа за ревијата.

Мотивот на оваа ревија се жените борци кои во сивилото на својата тешка борба со најфаталната болест карцином, успеале да најдат светла точка и продолжат да чекорат по жи-



вотот храбро, силно, самоуверено, надежно, верувајќи дека волјата на умот и срцето победува СÈ.

Во публиката беа присутни голем број лица кои со огромна почит кон аматерските но горди манекенки на пистата, се восхитуваа на нивната внатрешна и надворешна убавина и низ солзи за големината на една личност сфатија дека човекот дава бесконечни можности.

„Мобилност Скопје" секогаш е таму каде што се нивните пријатели, но и онде каде што припаѓаат лицата кои храбро го носат својот инвалидитет, а ја истакнуваат моќта на она што гордо постои во нивниот живот.

Благодариме Милица, Ана, Тереза и целото здружение Хема Онко, благодариме на нашата поддршка од доктор Соња, новинарката Вики, претседателот Гоце и сите пријатели кои веруваат во нашите активности за добробит на лицата со попреченост.

*Христина П.*



# УЧЕСТВО НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА НАЦРТ-ТЕКСТОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ И РЕУПОТРЕБА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

Министерството за дигитална трансформација во соработка со Фондација „Метаморфозис", на 28 јануари 2026 година, во Центарот за иновации „Инокс", организираше јавна расправа за текстот на нацрт-законот за отворени податоци и реупотреба на податоците од јавниот сектор. На јавната расправа присуствуваа министерот за дигитална трансформација, Стефан Андоновски, претставници на: Фондацијата „Метаморфозис", министерството, граѓански организации и здруженија, високите образовни институции, државни институции и приватни компании. На овој настан, со претходна покана, активно учество со свои претставници зеде и „Мобилност Скопје".

На јавната расправа беше презентиран текстот на нацрт–Законот, кој е усогласен со Европската Директива 2019/2024 и треба да ги утврди правилата и начините како да се стигне до отворените податоци, а на државните институции да им постави јасни протоколи како и кои податоци треба да ги објавуваат и да ги направат достапни за целата јавност.

Според Данче Даниловска-Бајдевска, програмска директорка на Фондацијата „Метаморфозис", отворените податоци се горивото на иднината, а концептот се темели на принципот на отворен пристап и служење на јавното добро преку зајакнување на граѓаните, подобрување на бизнис-околината и поттикнување на информиран општествен и економски развој.

Министерот за дигитална трансформација, Стефан Андоновски истакна дека законот е од голема важност бидејќи ќе треба да им помогне на институциите како да ги споделуваат податоците, но и да ги утврдат информациите кои се важни за невладините организации и граѓаните и да бидат обврзани истите да ги споделат со јавноста.

Присутните говорници на јавната расправа посочија дека целта на законот е иновации и нови апликации, услуги, поголем квалитет на податоците и развој на економијата и конкурентноста и информатичкото општество. Опфатот на институции, кои според законот треба да ги отворат своите податоци е широк, а ги вклучува и јавните претпријатија. Категориите податоци кои треба да се отворени ги вклучува геопросторните податоци, податоците од животна средина, метеоролошки, статистички и за транспорт.



Во рамките на процесот извршен е и редизајн на Порталот за отворени податоци, **data.gov.mk**, а во соработка со Македонски телеком, Министерството разви чатбот (МДТ AI Асистент **data.gov.mk**) кој користи вештачка интелигенција и кој ќе им помага на граѓаните и сите заинтересирани полесно да дојдат до податоците на порталот. Тоа ќе овозможи тој да ги влече по автоматизам податоците да не треба некој одговорен во институцијата да ги објавува.

- Мислам дека кога ќе создадете висококвалитетни, огромни дата сетови тогаш и користењето ќе се зголеми, бидејќи во моментов таа е навистина многу мала - истакна министерот за дигитална трансформација.

Присутните гости на јавната расправа ги споделија своите досегашни искуства со користењето на отворени податоци и ги дадоа своите забелешки во насока на подобрување на текстот на нацрт-законот. Тие побараа институциите да имаат рокови за објавување на отворените податоци, да постои одговорност доколку дадат неточни податоци или доколку тие не се навремено ажурирани.



На настанот беше укажано дека за нашето Здружение, како и на сите лица со телесна попреченост, овој закон и податоците кои би требало во иднина да бидат достапни и отворени, ќе бидат од голема корист во повеќе области а особено во делот на статистичките податоци за формирање референтна листа за лица со попречености.

*Христина П*

# УПРАВЕН ОДБОР НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

На 28 април 2026 година, со почеток во 17 часот, во просториите на „Мобилност Битола“, се одржа седница на Управниот одбор, со квалификувано мнозинство и во присуство на членови на Надзорниот одбор. Се разгледаа активностите меѓу две седници, вклучувајќи го Собранието и останатите настани што беа организирани во овој период, и беше заклучено дека насоките се добри и дека треба да се продолжи со исто темпо. Беше разгледан и финансискиот извештај за првите три месеци од 2026 година, согласно со одлуките на УО на „Мобилност Македонија“ за трошење на средствата од дотациите, режиски и други активности по програмата за работа.

Прво беа потврдени одлуки по електронски пат, а потоа беа донесени одлуки за расходување и отпишување на средства, за што беше формирана и работна група која ќе направи увид во сите три канцеларии и ќе отпише расходовани и непотребни средства, како и функционални за кои би можеле да трошиме средства. Со увидот на работната група ќе се операционализираат одлуките.

Потоа се донесоа одлуки за организација на три работилници во универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола, благодарение на сè поуспешната соработка со раководството и можноста за бесплатно користење на салата во оваа институција, која е една од најпристапните во Битола. Се разбира, на настаните ќе бидат поканети личности, здруженија и институции со коишто имаме плодна соработка.

Разгледани беа и други прашања од интерес на работата на здружението, особено што во овој период се зачленија околу 15 нови членови, а бројот на пасивни и заминати членови се ажурира тековно, еднаш годишно. Сè на сè, успешна седница со добри насоки на дејствување и поделени активности на сите присутни. Активностите продолжуваат.

Д-р *Нико Јанков*







# „ЕДНО Е НАДЕЖ, ДРУГО Е ОЧЕКУВАЊЕ“ – ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

На 27 мај 2026 година, во спортската сала на ЗИО, „Мобилност Битола“ организираше тематска работилница насловена „Едно е надеж, друго е очекување“, на која присуствуваа четириесетина членови и пријатели на нашето здружение, како и гости од здруженијата од Штип, Кочани и од Куманово. Промотор и прв излагач на настанот беше претседателот на „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико Јанков. Во своето излагање, покрај едно од повеќето размислувања што е надеж а што очекување, со сите параметри на спротивности, како позитивност-негативност, истрајност-откажување, визија-безидејност, тој ја дефинираше надежта како исконски порив за преживување и остварување на целите во животот, наспроти очекувањето како исход и материјализација на поривот од надежта. Тука би спаѓало и стопирање на неповолна состојба – процес, пребродување и прифаќање, помош од семејството и заедницата, реализација на прописи, перспектива во животот и тн.



На ова се надоврза вториот предавач на работилницата, Митрополитот Крушевско-демирхисарски г. Јован, инаку наш редовен и активен член. Од негов агол на перцепција на надежта и очекувањата, донекаде има совпаѓање, но и разлика во толкувањето дека многу важен фактор е духовноста, односно верата, така што на самото излагање се додаде и филозофско-теолошки пристап кој беше втемелен во основната замисла.



Низ дискусијата ставовите се вообличија во овој заеднички пристап кој ни е потребен во овој брановиден момент за лицата со инвалидност. Совладување на овие навистина сериозни и вознемирувачки размислувања до апатија, да не речеме егзистенцијална криза, која мораме да ја надминеме по секоја цена и со сите алатки што ни стојат на располагање.

Сè на сè, едно успешно дружење кое на крајот заврши со освежување со кафе и мала закуска. Благодарност до сите кои најмногу помогнаа во организацијата на настанот, особено на Дејан и Ивона. Активностите продолжуваат.

Д-р *Нико Јанков*

# ВО ДАБЛИН ОДРЖАН ТРЕТИОТ ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ПАРТНЕРСКИ СОСТАНОК НА ПРОЕКТОТ VIEWS

На 15 и 16 април 2026 година, партнерите во проектот „Volunteering for Inclusion and Empowerment with Sports“ (VIEWS) финансиран од страна на Erasmus+, во кој Параолимпискиот комитет на Северна Македонија е партнер организација, се сретнаа во Даблин, Ирска, на третиот транснационален партнерски состанок.

Партнерите разговараа за напредокот на проектот и за следните чекори во креирањето на Пакетот за почетници и Тренинг курс за клубови/организации, кои ќе помогнат да се создадат подостапни волонтерски можности во областа на спортот.

Во рамки на состанокот, партнерите имаа можност да го посетат Центарот за рекреација и базен „St. Michael›s House“, каде што се запознаа со начинот на неговата организација.

VIEWS има за цел иновација преку фокус на интеграција и зајакнување на улогата на лицата со попреченост преку спортско волонтерство — област која сè уште е во голема мера недоволно истражена во постојните спортски и волонтерски програми.

Повеќе за проектот VIEWS: www.views-eu.org

*Б. Јовановски*

# СОБРАНИЕ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

На 22 март 2026 година, во просториите на ресторанот „Корзо“ во Битола се одржа седница на Собранието на „Мобилност Битола“. Со квалификувано мнозинство, на седницата се расправаше за изминатиот период од 2025 година, како и за новите предизвици во 2026. Во предвечерието на идни настани, за опстанок на сите инвалидски организации и раслојување на членството во партиски структури, се бара начин да се оттргнеме од идеолошкото слепило што нè води кон самоуништување. Во увидот на самата седница беа дадени информации за последните настани во врска со закажаниот протестен собир пред Владата.

Инаку, по богата дискусија и прифаќање на забелешки, извештајот, хронологијата на настани и финансискиот извештај беа прифатени. Програмата и планот за финансирање како реален знаеме дека ќе претрпи рестрикции. Но, најважното – раслојувањето – е сè поевидентно и тој тренд треба да се запре.

„Мобилност Битола“ е здружена членка на „Мобилност Македонија“ и е невладина, непрофитна и непартиска организација. Сите нејзини активисти се насочени кон постигнување на подобар, поквалитетен и успешен живот на лицата со телесен инвалидитет и со други попречености. За тие цели ќе ги уриваме сите бариери што ни стојат на патот и со сите законски средства што ни стојат на располагање. Активностите продолжуваат.

Д-р *Нико Јанков*





# ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА ЗА НАЈДОБАР ПАРААТЛЕТИЧАР ВО 2025 ГОДИНА

Во февруари 2026 година, од страна на Општина Гевгелија, беа доделени плакети за успешни спортисти во 2025 година Меѓу успешните спортисти исто така беше избран и, Никола Пеев како успешен параатлетичар во општината во спортските натпревари во атлетика за, лица со телесен инвалидитет – член на Мобилност Гевгелија

По лична покана од страна на одговорно лице на порталот Гевгелија Нет и, општина Гевгелија кои, се горди на успехот на спортистите од општината, На Никола Пеев, член на „Мобилност Гевгелија“ и успешен претставник на спортот во атлетика за лица со телесен инвалидитет, му беше доделено признание од страна на г-ѓа Јованка Дојранлиева – главен уредник на порталот „Гевгелија Нет“. И по нејзиното обраќање ја искажа својата искрена срдечност, и гордост, верувајќи дека Никола Пеев,кој, со својата посветеност, труд и успеси, во областа на спортот претставува пример за истрајност, ,со што покажува дека ова признание е, потврда за неговите постигнати резултати но и за значајноста и афирмацијата на лицата со телесен инвалидитет како, на републичко така и на меѓународно, првенство. Ова признание е доказ со упорност може да надминат сите предизвици и да се стане вистински шампион и покрај инвалидитетот.



Покрај Никола Пеев плакети им беа доделени уште на десетина успешни спортисти од Гевгелискиот Регион кој постигнале успеси во 2025 година во различни спортови.

*Валерија Пеева*

# ОДРЖАНИ 38. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Од 11-14.06.2026 година,во Струга и Охрид, во организација на Мобилност Македонија и соорганизација со Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, беа одржани 38. Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија, кои традиционално години наназад имаат и меѓународен карактер, на кој настапија повеќе од 110 спортисти од Македонија, Србија, Бугарија, Хрватска, Црна Гора, и Босна и Херцеговина. Годинава, како гости на игрите присуствуваа претседателот на Параолимпискиот комитет на Србија, Зоран Миќовиќ, генералниот секретар Бојан Јаќимовиќ и членот на Управниот одбор Свето Михајловиќ.



Првиот ден, на 11.06.2026 година се одржаа натпреварите во стрелаштво во 3 дисциплини на кои настапија 16 спортисти. Во фер и коректна борба, првите места ги освоија:



**Воздушен пиштол CX1 микс**

| | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Оливера Наковска-Бикова** | Битола | 88 | 94 | 90 | 96 | 94 | 97 | **559** |
| **2** | **Ванчо Каранфилов** | Скопје | 94 | 88 | 84 | 91 | 84 | 85 | **526** |
| **3** | **Небојша Пејоски** | Струга | 81 | 87 | 84 | 81 | 89 | 82 | **504** |

**Воздушна пушка микс CX1**

| | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Зоран Јовановски** | Струмица | 77 | 73 | 80 | 75 | **305** |
| **2** | **Новча Тодоровски** | Куманово | 75 | 82 | 70 | 62 | **289** |
| **3** | **Елизабета Тодоровска** | Куманово | 70 | 61 | 64 | 77 | **272** |
| 4 | Благица Ѓоргиевска | Гевгелија | 60 | 59 | 69 | 70 | **258** |
| 5 | Диме Китовски | Охрид | 61 | 65 | 76 | 55 | **257** |



| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Мендо Дивјаковски | Битола | 44 | 71 | 62 | 69 | **246** |
| 7 | Даница Живковиќ Цеков | Србија | 66 | 68 | 47 | 63 | **244** |
| 8 | Стеван Ангелески | Прилеп | 56 | 62 | 60 | 59 | **237** |
| 9 | Влатко Најдоски | Прилеп | 63 | 59 | 50 | 55 | **227** |
| 10 | Горан Целајков | Гевгелија | 43 | 53 | 30 | 59 | **185** |
| 11 | Нусредин Маловски | Дебар | 29 | 21 | 16 | 5 | **71** |



**Воздушна пушка микс СХ2 (сталак)**

| | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Игорчо Постолов** | Струмица | 68 | 72 | 80 | 68 | **288** |
| **2** | **Ангел Манолов** | Бугарија | 41 | 76 | 34 | 41 | **192** |



На 12.06.2026 година во спортската сала на училиштето Климент Охридски во с. Дрслаица, Струга, се одржаа натпреварите во пинг понг. Голема благодарност до училиштето за отстапениот простор и до Пингпонгарските клубови од Кавадарци, Прилеп и Куманово за отстапените 4 маси за пинг понг и пропратна опрема (рингови) за одржување на натпреварите.



Натпреварите се одвиваа во две категории: домашно индивидуално и меѓународно индивидуално натпреварување.

Домашно првенство резултати:

**Мажи класа 3-5:**

1. Зоран Јовановски - Струмица;
2. Муштеба Амети - Охрид;
3. Бранимир Јовановски – Куманово;
4. Васил Росомански – Кавадарци;
5. Илчо Кангов – Гевгелија
6. Михајло Михајлов – Кавадарци;
7. Игор Димитриев – Струмица.

**Мажи класа 6-8:**

1. Рубинчо Ристески - Прилеп;
2. Тони Митровски – Скопје
3. Николчо Делов - Кавадарци
4. Игорчо Постолов - Струмива;
5. Томи Јаневски – Битола;
6. Марјан Зафировски – Скопје;
7. Димче Паунов – Кочани.

**Мажи класа 9-10:**

1. Страшко Коцевски - Куманово;
2. Митко Сотировски- Охрид;
3. Огнен Илиески – Прилеп;
4. Андреј Насковски – Куманово;



5. Кристијан Божиновски – Скопје;
6. Дејан Алексовски - Скопје
7. Небојша Ташиќ - Куманово;
8. Зоран Трајановски – Скопје;
9. Александар Димоски – Охрид.

**Жени класи 6-10:**

1. Лилјана Мицовска – Кочани;
2. Олга Ристовска – Скопје;
3. Тајна Ристеска – Прилеп.

Меѓународен турнир резултати:

**Мажи класа 3-5:**

1. Милош Стојиљковиќ - Србија;
2. Бојан Стаменковиќ – Србија;
3. Виктор Јозиќ – Хрватска.

**Мажи класа 6-8:**

1. Милан Миќовиќ - Србија;
2. Рубинчо Ристески - Македонија
3. Пјетро Паљушевиќ – Црна Гора;

**Мажи класа 9-10:**

1. Паун В›тев - Бугарија;
2. Вељко Трујиќ - Србија;
3. Огнен Илиески - Македонија.

**Жени класи 6-10:**

1. Јорданка Тодорова – Бугарија;
2. Лилјана Мицовска – Македонија;
3. Марија Грлиќ – Хрватска.

На 13.06.2026 година се одржаа натпреварите во атлетски повеќебој на стадионот „Караорман“ во Струга. Заради одржување на меѓународен камп и турнир за фудбалери во младински категории, раководните лица од спортскиот комплекс „Биљанини Извори“ во Охрид,














иако претходно ни ветија, годинава не можеа да ни овозможат одржување на атлетски натпревар ниту на стадионот „Атина Бојаџи“, ниту на помошниот терен, така да бевме принудени првенството да го организираме на стадионот на ФК „Караорман“ во Струга. Ова беше и најмасовниот натпревар на кој зедоа учество 62 натпреварувачи.



Резултати:

**Мажи класа Ф36-Ф38, Ф42-Ф46 и општа**

| | Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Никола Пеев** | Ф36 | Гевгелија | 8,07 | 20,51 | 20,68 | **1793** |
| **2** | **Дејан Георгиевски** | Ф42 | Скопје | 7,82 | 23,31 | 19,42 | **1490** |
| **3** | **Александар Талески** | општа | Гевгелија | 8,39 | 21,31 | 29,37 | **1390** |
| 4 | Дарко Спирковски | Ф44 | Битола | 7,73 | 17,48 | 23,26 | **1233** |
| 5 | Ристе Станковски | општа | Велес | 7,77 | 15,91 | 24,17 | **1168** |
| 6 | Мендо Дивјаковски | општа | Битола | 6,68 | 17,55 | 20,19 | **1066** |
| 7 | Иван Георгиев | Ф37 | Штип | 6,55 | 14,95 | 15,82 | **1054** |
| 8 | Благојче Негриевски | Ф37 | Скопје | 6,21 | 15,9 | 15,6 | **1046** |
| 9 | Имер Сефери | Ф44 | Скопје | 6,4 | 19,64 | 15,32 | **1044** |
| 10 | Горан Димчевски | Ф42 | Битола | 5,78 | 12,98 | 15,43 | **1029** |
| 11 | Ванчо Каранфилов | Ф42 | Скопје | 5,6 | 13,5 | 14,23 | **1003** |
| 12 | Кристијан Божиновски | Ф38 | Скопје | 6,71 | 15,1 | 9,88 | **990** |
| 13 | Тони Радевски | општа | Битола | 5,64 | 19,29 | 14,14 | **936** |
| 14 | Васко Милевски | Ф38 | Битола | 5,84 | 12,78 | 12,5 | **933** |
| 15 | Тоде Арсов | Ф44 | Штип | 5,63 | 19,28 | 11,81 | **925** |
| 16 | Шериф Шерифи | Ф44 | Скопје | 6,08 | 16,28 | 12,86 | **917** |
| 17 | Тони Илиев | Ф44 | Струмица | 5,28 | 14,48 | 13,45 | **844** |
| 18 | Бобан Јордановски | Ф37 | Кичево | 5,49 | 13,02 | 10,56 | **837** |
| 19 | Дејан Алексовски | општа | Скопје | 5,05 | 14 | 13,7 | **795** |
| 20 | Александар Давидовски | Ф44 | Битола | 5,3 | 12,49 | 10,62 | **757** |
| 21 | Скендер Рахмановски | Ф38 | Дебар | 4,87 | 10,45 | 9,55 | **756** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Енвер Шерифовски | општа | Кичево | 5,3 | 12,03 | 10,82 | **727** |
| 23 | Миланчо Арсовски | општа | Велес | 4,55 | 10,12 | 7,8 | **597** |
| 24 | Неки Дани | Ф44 | Струга | 3,7 | 9,48 | 10,29 | **595** |
| 25 | Марјан Трпковски | Ф37 | Тетово | 4,38 | 11,08 | 4,04 | **590** |
| 26 | Игор Ефтимов | Ф42 | Радовиш | 4,05 | 6,02 | 6,58 | **567** |
| 27 | Амит Јусуф | Ф42 | Струга | 2,68 | 7,1 | 6,8 | **494** |
















**Жени класи Ф53-Ф57**

| | Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Елена Давитковска** | Ф56 | Куманово | 4,94 | 10,2 | 10,1 | **1488** |
| 2 | **Метода Жнидарец** | Ф55 | Словенија | 3,87 | 8,71 | 8,16 | **1257** |
| 3 | **Даница Живковиќ Цеков** | Ф54 | Србија | 2,8 | 5,95 | 5,9 | **1206** |
| 4 | Благица Ѓорѓиевска | Ф57 | Гевгелија | 4,7 | 8,17 | 8,23 | **1191** |
| 5 | Даниела Гошева Кангов | Ф57 | Гевгелија | 3,78 | 7,76 | 8,19 | **1082** |
| 6 | Љубица Боевска | Ф57 | Струмица | 4 | 6,44 | 6,26 | **957** |
| 7 | Јелена Трајковиќ | Ф57 | Скопје | 3,25 | 6,35 | 5,5 | **840** |










**Мажи класи Ф53-Ф57**

| | Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Јанез Худеј** | Ф54 | Словенија | 5,43 | 16,14 | 14,67 | **1702** |
| 2 | **Нецад Пириќ** | Ф57 | БиХ | 8,46 | 18,95 | 22,3 | **1611** |
| 3 | **Зоран Јовановски** | Ф55 | Струмица | 6,85 | 15,46 | 14,45 | **1451** |
| 4 | Златко Арсовски | Ф55 | Кочани | 5,54 | 13,26 | 12,92 | **1231** |
| 5 | Адем Неби | Ф57 | Скопје | 7,22 | 14,51 | 14,46 | **1222** |
| 6 | Гоце Миновски | Ф56 | Скопје | 5,28 | 13,53 | 13,83 | **1185** |
| 7 | Горан Целајков | Ф57 | Гевгелија | 6,29 | 14,3 | 13,63 | **1126** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Алмир Хевешевиќ | Ф53 | БиХ | 3,87 | 7,28 | 6,93 | **1111** |
| 9 | Савре Бојковиќ | Ф57 | Куманово | 5,82 | 12,86 | 13,69 | **1062** |
| 10 | Стјепан Вурушиќ | Ф56 | Словенија | 4,96 | 12,59 | 9,67 | **1019** |
| 11 | Горан Спасов | Ф57 | Скопје | 5,6 | 11,84 | 13,26 | **1013** |
| 12 | Димче Јованчев | Ф57 | Штип | 5,35 | 12,82 | 12,45 | **994** |
| 13 | Бобан Стојмировски | Ф57 | Штип | 4,73 | 13,18 | 9,99 | **892** |
| 14 | Игор Димитриев | Ф57 | Струмица | 4,86 | 10,73 | 10,71 | **868** |
| 15 | Пецо Петковски | Ф56 | Скопје | 4,72 | 9,51 | 5,94 | **816** |
| 16 | Димче Паунов | Ф57 | Кочани | 3,89 | 9,27 | 11,8 | **793** |
| 17 | Игор Ристевски | Ф57 | Скопје | 3,95 | 7,84 | 8,74 | **688** |
| 18 | Азиз Зендели | Ф57 | Тетово | 3,07 | 8,82 | 5,87 | **569** |
| 19 | Иван Соколовиќ | Ф56 | Србија | 2,78 | 5,32 | 6,94 | **568** |
| 20 | Велибор Јовиќ | Ф57 | Србија | 4,54 | 8,73 | 0 | **525** |





**Жени класи Ф37-Ф38,Ф42-Ф46 и општа**

| | Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | **Поени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Силвана Трајковска** | општа | Скопје | 5,97 | 15,2 | 13,27 | **1214** |
| **2** | **Лидија Успрцова** | Ф42 | Штип | 4,65 | 12,1 | 8,07 | **1171** |
| **3** | **Лидија Вељановска** | општа | Битола | 5,9 | 14,7 | 11,9 | **1159** |
| 4 | Лилјана Мицовска | Ф46 | Кочани | 5,6 | 14 | 11,75 | **1113** |
| 5 | Нада Цветковска | Ф46 | Куманово | 6,3 | 11,9 | 10,82 | **1096** |
| 6 | Марина Стојчева | општа | Скопје | 5,55 | 13,91 | 10,2 | **1065** |
| 7 | Цветанка Стојанова | Ф37 | Струмица | 4,5 | 8,71 | 5,48 | **966** |
| 8 | Тајна Ристеска | Ф37 | Прилеп | 3,5 | 7,35 | 5,5 | **823** |

Средства за одржување на овој спортско - инклузивен настан беа обезбедени од Министерството за социјална политика, демографија и млади и од Министерството за спорт.

Во рамките на одржување на игрите, беше одигран фудбалски натпревар помеѓу футсал екипата на Мобилност Македонија и ветераните на Фудбалскиот клуб „Пелистер“. Натпреварот во регуларниот дел заврши нерешено 8:8, а подобри во изведувањето на пеналите беа ветераните на ФК „Пелистер“.

Голема благодарност до фудбалските ѕвезди: Тони Мицевски, Артим Шаќири, Митко Стојковски и останатите, кои со своето присуство го увеличаа овој наш инклузивен фудбалски настан, како и до Фудбалската федерација на



Македонија за донираните дресови за нашата екипа, како и средства за спроведување на активностите.

*Б.Јовановски*

# ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ 2026 НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

На 18 и 19. 4. 2026 година, во хотелот „Конгресен центар“ во Охрид, во организација на Мобилност Македонија и соорганизација со Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, беше одржано 38. Државно првенство на лица со телесен инвалидитет на Македонија, на кое настапија 18 натпреварувачи.

По фер и коректна борба, со неколку технички пречки кои беа веднаш коригирани, по одиграни 7 кола со темпо 20 минути по играч, првото место го освои Горан Војновски од Кочани со освоени 6,5 поени, второто Јанчо Ѓорѓевски од Куманово со освоени 5,5 поени, а третото Даниел Нунески од Охрид со освоени 5 поени, колку што имаше и младиот Александар Стојчески од Скопје но и послаб Бухолц.

Табела

1. ВОЈНОВСКИ ГОРАН - Кочани, 6 поени
2. ЃОРГЈЕВСКИ ЈАНЧО – Куманово, 5,5 поени
3. НУНЕСКИ ДАНИЕЛ - Охрид 5 поени, бухолц 28,0
4. СТОЈЧЕСКИ АЛЕКСАНДАР – Скопје, 5 поени, бухолц 27,0
5. ИЗЕТИ ЗЕКИРИЈА – Тетово, 4 поени, бухолц 30,0
6. НЕБИ АДЕМ - Скопје 4 поени, бухолц 25.5
7. ИЛИОСКИ ТРАЈКО – Прилеп, 4 поени, бухолц 24,0
8. ОСМАНИ БАКИ – Дебар, 4 поени, бухолц 18,5
9. ЈУСУФИ АМИТ – Струга, 3.5 поени, бухолц 26,5
10. ДИМОВ ЗОРАН – Велес, 3.5 поени, бухолц 22,5
11. ИЗАИРИ МАХМУД –Тетово, 3 поени, бухолц 29,5
12. ДИМОСКИ СЛОБОДАН – Прилеп, 3 поени, бухолц 25.0
13. ИСМАНИ СЕЛИМ –Тетово, 3 поени, бухолц 24,0
14. СТОЈАНОВСКИ ВАСЕ –Скопје, 3 поени, бухолц 16,0









15. КОЦЕВСКИ СТРАШКО – Куманово, 2 поени, бухолц 22,5
16. ЈОВАНЧЕВ ДИМЧЕ – Штип, 2 поени, бухолц 20,5
17. АНДОНОВ КОЛЕ - Кочани 2 поени, бухолц 20,0
18. ГИЧЕВ ИЛЕ – Струмица, 0 поени.

Средства за одржување на оваа програмска активност се обезбедени од Министерство за социјална политика, демографија и млади.

*Б. Јовановски*




# ЗОРАН ЈОВАНОВСКИ НАСТАПИ ВО СЛАЛОМ НА ЗИМСКИТЕ ПАРАОЛИМПИСКИ ИГРИ „МИЛАНО КОРТИНА 2026“

Од втората половина на минатата година, Параолимпискиот комитет на Северна Македонија се приклучи кон активностите за пријавување на Зоран Јовановски за настап на Зимските параолимписки игри во Милано Кортина 2026.

Одржавме повеќе состаноци со Организацискиот комитет на игрите, напишавме стотици меилови и формулари, а за тоа време, благодарение на поддршката од Скијачката федерација на Македонија и тренерите Јане Стефанов и Петар Илев, Зоран Јовановски патуваше на ФИС натпревари во обид да оствари 360 или помалку ФИС точки што ни дава право како комитет да аплицираме за добивање на бипартитна карта за учество на Игрите.

ПКСМ ја поднесе бипартитната апликацијата, меѓутоа ФИС не ја одобри, но благодарение на ангажираноста на одговорните лица од Скијачката федерација на Македонија, како и пријателите од ИПЦ (Меѓународниот параолимписки комитет) на Параолимпискиот комитет му беше понудена вајлд-карта за настап на Зоран Јовановски, која Параолимпискиот комитет веднаш ја прифати и тој настапи на игрите од 28. 2 до 17. 3. 2026 година во единствената дисциплина во која му е одобрен настап: Слалом-мажи класа седење LW11, придружуван од своите тренери Јане Стефанов, Петар Илев и Вангел Тркаљанов, докторот Елвис Алексовски и шефот на Мисија, Бранимир Јовановски.

На 4. 3. 2026 година, нашиот натпреварувач Зоран Јовановски, со своите тренери, за првпат го почувствува снегот на велеслаломската патеката на **Tofane Alpine Skiing Centre** во Cortina d›Ampezzo, обавувајќи го првиот тренинг на параолимписката патека. Сите тренинзи досега беа откажани од страна на организаторите заради мек снег и неподготвени патеки. Тренерите и спортистите, учесници на игрите, малку беа загрижени заради топлото време и недостаток на нови снежни врнежи, меѓутоа организаторите сепак добро да ја подготвија патеката, особено во периодот откако започнаа натпреварите, од 7 март па натаму.




Расположението во нашиот тим беше добро, здравствената состојба на нашите учесници исто така добра, тековно ги вршиме сите потребни работи на дневна основа и полека се подготвуваме за отворањето на Игрите, кое се случи на 6. 3. 2026 година во Верона. Согласно со пропозициите, секоја држава учесничка може да учествува во дефилето само со по еден спортист (машко и женско) и двајца официјални лица, без оглед на тоа колкав број на учесници имаат. Бидејќи ние имаме само еден натпреварувач, на церемонијата на отворање, согласно со одлу-









ката на стручниот тим, учествуваа Зоран Јовановски и Вангел Ткрајанов.

Согласно одлуката на Организацискиот комитет на игрите, знамиња на државите учеснички на игрите беа носени исклучиво од волонтерите. Целото учество на церемонијата на отворање на Игрите беше исклучително напорна бидејќи учесниците на церемонијата на отворање на Игрите заминаа од Параолимпиското село во Кортина со организиран превоз до Верона во 14:30, таму пристигнаа околу 18:30 часот. По пристигнувањето беа сместени под тенда каде што им беше обезбедено јадење и освежителни пијалаци, во 19:15 започне поредувањето на тимовите за излегување на арената, а во 20:00 ќе започна програмата на свеченото отворање, која траеше приближно 2 часа. Некаде околу 02:30 наутро учесниците се вратија во параолимпиското село во Кортина.

Потоа следеа денови на секојдневни тренинзи и адаптирање на подлогата, и конечно дојде денот за настап. На 15. 3. 2026 година, единствениот македонски спортист на Зимските параолимписки игри Милано Кортина 2026 година, Зоран Јовановски од с. Ангелци, Струмица, настапи на игрите во дисциплината Слалом - мажи седење и по извозената прва трка беше дисквалификуван заради промашена капија во самиот финиш на трката.

Зоран настапи во првото возење како 85-ти, претпоследен во трката, бидејќи на Игрите на патеката како први стартуваат натпреварувачите со оштетен вид, потоа натпреварувачите во стоечка конкуренција и на крај натпреварувачите во седечка конкуренција.

Во категоријата на Зоран Јовановски настапија вкупно 34 натпреварувачи, од кои 22 ја завршија трката, 11 испаднаа од трката, а нашиот Зоран со заостанување од 48,31 секунди зад првопласираниот, со остварен резултат од 1:33,58, беше пласиран на последното 23. место, меѓутоа непосредно по објавениот резултат, за жал Зоран Јовановски беше дисквалификуван заради промашена капија, на само неколку капии пред целта.

Со тоа заврши настапот на Игрите на нашиот тим без остварен пласман, меѓутоа побогати за уште едно искуство.

Малку историја за потсетување, прв настап воопшто на едни Параолимписки игри на еден македонски спортист со инвалидност се случил на првите организирани зимски Параолимписки игри во Örnsköldsvik, Шведска во 1976, со настапот на Сашо Панов, тогаш во состав на тимот на СФРЈ.

Вечерта на 15. 3. 2026 година, со почеток во 20:30 во Карлинг-салата во Кортина се одржа церемонијата на свеченото затворање на Игрите, а два дена потоа нашата делегација се врати во Македонија.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПАРА ПИНГ-ПОНГ ЗА 2026

На 16. 5.2026 година, во спортската сала „Јасмин“ во Кавадарци, во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија, Параолимписки комитет на Северна Македонија, беше одржано државното првенство во пара пинг-понг на кое учествуваа 46 натпреварувачи (од кои 9 жени), поделени во 6 натпреварувачки категории. Во фер и коректна борба, беа постигнати следните резултати:



**Жени споени класи 5-10**

**1. Лилјана Мицовска - Кочани**
**2. Олга Ристовска – Скопје**
**3. Оливера Наковска Бикова – Битола**
4. Наташа Црвенковска - Битола
5. Благица Ѓоргиевска - Гевгелија
6. Тајна Ристеска - Прилеп



**Мажи споени класи 3-5**

**1. Муштеба Амети - Охрид**
**2. Зоран Јовановски - Струмица**
**3. Бранимир Јовановски - Куманово**
4. Васил Росомански - Кавадарци
5. Илчо Кангов - Гевгелија
6. Александар Јовановски - Скопје



**Мажи споени класи 6-8**

**1. Рубинчо Ристески - Прилеп**
**2. Марјан Зафировски - Прилеп**
**3. Тони Митровски - Струмица**
4. Игорчо Постолов - Струмица
5. Антон Коцевски - Велес
6. Ванчо Каранфилов - Скопје
7. Николчо Делов - Кавадарци
8. Дончо Чамбов - Велес



**Мажи споени класи 9-10**

**1. Страшко Коцевски - Куманово**
**2. Огнен Илиески - Прилеп**
**3. Митко Сотировски - Охрид**
4. Ненад Диниќ - Скопје
5. Дејан Алексовски - Скопје
6. Небојша Ташиќ - Куманово
7. Кристијан Божиновски - Скопје
8. Александар Димоски - Охрид
9. Андреј Насковски - Куманово

**Жени глуви и наглуви**

**1. Нина Пејчиќ - Гевгелија**
**2. Маја Маркова - Скопје**
**3. Алиса Емин- Скопје**

**Мажи глуви и наглуви**

**1. Драган Зафировски - Скопје**
**2. Павле Стаматовски - Скопје**
**3. Томица Стојановски - Скопје**
4. Даниел Мухадинов - Битола
5. Давид Пендев - Кавадарци
6. Ердован Велиовски - Битола
7. Мустафа Бекировски - Куманово
8. Даниел Михајловиќ - Скопје
9. Оливер Пејчиќ - Гевгелија
10. Васко Марковски -Скопје
11. Звонко Павловски - Куманово
12. Илијас Мухадинов - Битола
13. Антонио Златковски - Скопје
14. Ангел Милев – Кавадарци

Средства за одржување на овој натпревар беа обезбедени од Министерство за социјална политика, демографија и млади, и Министерство за спорт.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО СТРЕЛАШТВО ПАРА СПОРТ 2026

На 17. 5. 2026 година, на стрелиштето „Бејбунар“ во Охрид, беше одржано државното првенство во стрелаштво пара спорт во организација на НФСРИСМ-ПКСМ.

На натпреварот настапија 26 натпреварувачи, од кои 14 со телесен инвалидитет и 12 глуви и наглуви спортисти, во 4 спортски дисциплини.

**Резултати:**

**Воздушен пиштол микс, CX1:**

**1. Оливера Наковска Бикова - Битола, 560 кругови;**
**2. Александар Јовановски - Скопје, 548 кругови;**
**3. Небојша Пејоски - Скопје, 527 кругови;**
4. Ванчо Каранфилов - Скопје, 489 кругови;
5. Тамара Гошева - Гевгелија, 439 кругови.

**Воздушна пушка микс, CX1:**

**1. Зоран Јовановски - Струмица, 342 кругови;**
**2. Новча Тодоровски - Куманово, 316 кругови;**
**3. Бранимир Јовановски - Куманово, 297 кругови;**
4. Елизабета Тодоровска - Куманово, 279 кругови;
5. Ванчо Каранфилов - Скопје, 274 кругови;
6. Мендо Дивјаковски - Битола, 260 кругови;
7. Диме Китовски - Охрид, 250 кругови;
8. Благица Ѓоргиевска - Гевгелија, 249 кругови;
9. Горан Целајков - Гевгелија, 230 кругови;
10. Олга Ристовска - Скопје, 226 кругови.

**Воздушен пиштол микс, глуви и наглуви:**

**1. Даниел Михајловиќ - Скопје, 511 кругови;**
**2. Светлан Седмаков - Скопје, 502 кругови;**
**3. Нина Пејчиќ - Гевгелија, 493 кругови;**
4. Антонио Златков - Скопје, 468 кругови;
5. Давид Пендев - Кавадарци, 433 Кругови.

**Воздушна пушка микс, глуви и наглуви:**

**1. Светлан Седмаков - Скопје, 281 круг;**
**2. Даниел Михајловиќ - Скопје, 277 кругови;**
**3. Милан Ѓорѓиевски - Битола, 251 круг;**
4. Оливер Пејчиќ - Гевгелија, 158 кругови;
5. Антонио Златков - Скопје, 151 круг;
6. Васко Марков - Скопје, 104 кругови;
7. Давид Пендев - Кавадарци, 95 кругови;
8. Маја Маркова - Скопје, 08 кругови;











9. Мустафа Беќировски - Куманово, 02 кругови;
10. Звонко Павловски - Куманово, ДНФ
11. Томица Стојановски - Скопје, ДНФ

Средства за овој натпревар беа обезбедени од Министерство за социјална политика, демографија и млади, и од Министерство за спорт.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО НА НФСРИСМ-ПКСМ ВО АТЛЕТИКА

На 13.06.2026 година, на стадионот на фудбалскиот клуб „Караорман" во Струга, се одржа Државното првенство во атлетски повеќебој во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија – Параолимписки комитет на Северна Македонија.

На првенството учествуваа 28 спортисти со телесен инвалидитет како и 22 спортисти со оштетен слух, пријавени од Клубовите за спорт и рекреација на инвалиди.




**Мажи класи Ф36-Ф38, Ф42-Ф46 и општа**

| | Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Никола Пеев** | Ф36 | Гевгелија | 8,07 | 20,51 | 20,68 | **1793** |
| 2 | **Александар Талески** | општа | Гевгелија | 8,39 | 21,31 | 29,37 | **1390** |
| 3 | **Дарко Спирковски** | Ф44 | Битола | 7,73 | 17,48 | 23,26 | **1233** |
| 4 | Мендо Дивјаковски | општа | Битола | 6,68 | 17,55 | 20,19 | **1066** |
| 5 | Иван Георгиев | Ф37 | Штип | 6,55 | 14,95 | 15,82 | **1054** |
| 6 | Горан Димчевски | Ф42 | Битола | 5,78 | 12,98 | 15,43 | **1029** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Ванчо Каранфилов | Ф42 | Скопје | 5,6 | 13,5 | 14,23 | **1003** |
| 8 | Кристијан Божиновски | Ф38 | Скопје | 6,71 | 15,1 | 9,88 | **990** |
| 9 | Тони Радевски | општа | Битола | 5,64 | 19,29 | 14,14 | **936** |
| 10 | Васко Милевски | Ф38 | Битола | 5,84 | 12,78 | 12,5 | **933** |
| 11 | Тоде Арсов | Ф44 | Штип | 5,63 | 19,28 | 11,81 | **925** |
| 12 | Тони Илиев | Ф44 | Струмица | 5,28 | 14,48 | 13,45 | **844** |
| 13 | Дејан Алексовски | општа | Скопје | 5,05 | 14 | 13,7 | **795** |
| 14 | Александар Давидовски | Ф44 | Битола | 5,3 | 12,49 | 10,62 | **757** |

**Жени класи Ф53-Ф57**

| | Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Елена Давитковска** | Ф56 | Куманово | 4,94 | 10,2 | 10,1 | **1488** |
| **2** | **Благица Ѓорѓиевска** | Ф57 | Гевгелија | 4,7 | 8,17 | 8,23 | **1191** |
| **3** | **Даниела Гошева Кангов** | Ф57 | Гевгелија | 3,78 | 7,76 | 8,19 | **1082** |
| 4 | Љубица Боевска | Ф57 | Струмица | 4 | 6,44 | 6,26 | **957** |







**Мажи класи Ф53-Ф57**

| | Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Зоран Јовановски** | Ф55 | Струмица | 6,85 | 15,46 | 14,45 | **1451** |
| **2** | **Горан Џелајков** | Ф57 | Гевгелија | 6,29 | 14,3 | 13,63 | **1126** |
| **3** | **Савре Бојковиќ** | Ф57 | Куманово | 5,82 | 12,86 | 13,69 | **1062** |
| 4 | Димче Јованчев | Ф57 | Штип | 5,35 | 12,82 | 12,45 | **994** |
| 5 | Игор Димитриев | Ф57 | Струмица | 4,86 | 10,73 | 10,71 | **868** |

**Жени класи Ф37-Ф38, Ф42-Ф46 и општа**

| | Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Лидија Успрцова** | Ф42 | Штип | 4,65 | 12,1 | 8,07 | **1171** |
| **2** | **Лидија Вељановска** | општа | Битола | 5,9 | 14,7 | 11,9 | **1159** |
| **3** | **Нада Цветковска** | Ф46 | Куманово | 6,3 | 11,9 | 10,82 | **1096** |
| 4 | Цветанка Стојанова | Ф37 | Струмица | 4,5 | 8,71 | 5,48 | **966** |
| 5 | Тајна Ристеска | Ф37 | Прилеп | 3,5 | 7,35 | 5,5 | **823** |

Средства за одржување на ова првенство беа обезбедени од Министерство за социјална политика, демографија и млади и од Министерство за спорт.

Медалите на првопласираните им ги додели претседателот на Параолимпискиот комитет на Србија, Зоран Миќовиќ.

*Б.Јовановски*



# ПРВО МЕСТО ЗА ЕКИПАТА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР ВО ШАХ «СЕМИЧ 2026»







Екипата на „Мобилност Македонија“ во состав: Јанчо Ѓорѓевски, Горан Војновски и Александар Стојчески, на 15.04.2026 година настапи на меѓународниот турнир во шах во Семич, Словенија, и во конкуренција на пет екипи убедливо го освои првото место. Турнирот се играше двокружно, што значи дека нашите шахисти извојуваа осум победи.

На второто место се пласира екипата на Словенија 2, а на третото Словенија 1.

Покрај пехарот за прво место кој градоначалничката на општина Семич го додели на капитенот на Мобилност Македонија, организаторот му додели пехар и на најмладиот шахист, нашиот Александар Стојчески, кој извојува максимални осум победи од осум партии на третата табла. Исто толку победи на втората табла извојува Горан Војновски, додека Јанчо Ѓорѓевски на првата тавла освои 6,5 поени, од осум можни.

*Б. Јовановски*

# БРОНЗЕН МЕДАЛ ЗА СТРАШКО КОЦЕВСКИ НА 6. МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПАРА ПИНГ-ПОНГ „ТВРЃАВА 021“ ОПЕН 2026, ВО НОВИ САД.

Клубот за спорт и рекреација на инвалиди Куманово (КСРИ Куманово) од 23-26. 4. 2026 година учествуваше на традиционалниот 6. Меѓународен турнир во пара пинг-понг „Тврђава 021“ ОПЕН 2026 во Нови Сад, Србија.

За КСРИ Куманово настапија: Страшко Коцевски, Небојша Ташиќ, Зоран Трајановски и Андреј Насковски. Турнирот се одржа во спортската сала СПЕНС во Нови Сад, а на истиот настапија 48 натпреварувачи од 9 држави и тоа: Северна Македонија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Романија, Унгарија, Словенија, Словачка, Чешка и Србија.

Организацијата од страна на пинпонгарскиот клуб “Тврдјава 021” беше на високо ниво, а нашите пинпонгари ги постигнаа следните резултати:







- Страшко Коцевски, во класа 6, го освои третото место и бронзениот медал;

- Небојша Ташиќ, Зоран Трајановски и Андреј Насковски не успеаја да ги поминат групите во споените класи 9-10.

Средства за учество на овој натпревар беа обезбедени од субвенции за клубовите за 2026 година, добиени од Министерството за спорт.

*Б. Јовановски*

# ЗАПОЧНА ЛИГАТА ВО ПАРА ПИНГ ПОНГ ЗА 2026 ГОДИНА

На 14. 6. 2026 година, во Струга, во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија – Параолимписки комитет на Северна Македонија, со одигрување на првите две кола, започна Лигата на Македонија во пара пинг-понг за 2026 година.

Во лигата настапуваат екипи од 6 Клубови за спорт и рекреација на инвалиди и тоа: Куманово, Прилеп, Кисела Вода-Скопје, Охрид, Кавадарци и Струмица.

Третото и четвртото коло од лигата се одржаа на 7. 6. 2026 година во Кавадарци, а по одиграните четири кола, на првото место се наоѓаат екипите на КСРИ Прилеп и КСРИ Куманово со по четири извојувани победи.

*Б. Јовановски*





# МЕЃУНАРОДЕН ПАРА ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР “VARNA SEAGULL CUP 2026”

Македонската репрезентација во пара пинг-понг во состав кој го определи Страшко Коцевски - тренер и селектор на репрезентацијата: Митко Сотировски- класа 10, Огнен Илиески - класа 10, Небојша Ташиќ - класа 9, Рубинчо Ристески - класа 8 и Тони Митровски - класа 8, од 22 до 24. 5. 2026 година учествуваа на меѓународниот пара пинг-понг турнир “Varna Seagull Cup 2026” во Варна, Бугарија.



На натпреварот учествуваат спортисти од: Македонија, Бугарија, Србија, Романија и Црна Гора, а истиот се одржува во поединечна конкуренција.

Нашите натпреварувачи не успеаја да ги поминат натпреварите по групи и немаа можност да се пласираат во борбите за медали. На покана од претседателот на Параолимпискиот комитет на Бугарија, Илија Лалов и претседателот на Параспорт клуб Черно Море - Никеа, Маријан Маринов, со екипата патуваа претседателот и генералниот секретар на ПКСМ, Бранимир Јовановски, и Драган Дојчиновски.



Средства за учество на овој натпревар беа обезбедени од Министерството за социјална политика, демографија и млади, и од Министерството за спорт.

*Б. Јовановски*

# БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ВО ПАРА ПИНГ ПОНГ, ВРЊАЧКА БАЊА, СРБИЈА

Репрезентацијата на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија - Параолимписки комитет на Северна Македонија во пара пинг-понг, во состав: Страшко Коцевски-селектор, Рубинчо Ристески-класа 8, Тони Митровски-класа 8, Марјан Зафировски-класа 7, и јуниорот Огнен Илиески-класа 10, од 7 до 11. 6. 2026 година учествуваше на Балканското првенство во пара пинг-понг.



На турнирот учествуваа спортисти од 9 држави.

Од нашите спортисти најдобар пласман постигна Рубинчо Ристески во класа 8, кој како второпласиран (со една победа и еден пораз), ја помина групата но, за жал загуби во четвртфиналето од репрезентативецот на Србија, со што ја загуби можноста да се пласира во полуфиналето и да се закити со медал.

Останатите наши спортисти постигнаа по една победа, но и по три порази во своите групи и борби-

те ги заврши ја во групната фаза без можност за настап во четвртфинале.

Во разигрувањето на двојки, (Ристески-Зафировски и Илиески-Митровски) загубија по две борби во своите групи, со што го заврши ја настапот на Балканското првенство.

Средства за настап на нашите спортисти на овој натпревар беа обезбедени од Министерство за спорт и од Министерство за социјална политика, демографија и млади.

*Б. Јовановски*




# ДВЕ ТРЕТИ МЕСТА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ СПОРТИСТИ НА „СРБИЈА ОПЕН 2026“ ПАРА АТЛЕТСКИ МИТИНГ

Репрезентацијата на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија во пара атлетика во состав: Крсто Серафимовски-селектор, Дарко Спировски-класа Ф44, Златко Арсовски-класа Ф55, Никола Пеев-класа Ф36, Елена Давитковска-класа Ф56, Бранимир Јовановски-тим лидер, и Драган Дојчиноски-асистент, од 08-10.05.2026 година учествуваше на Отворено првенство на Србија во пара атлетика „Србија Опен 2026“, што се одржа во Крушевац, Србија.



На првенството настапија натпреварувачи од седум држави и тоа од: Србија, Северна Македонија, Бугарија, Грција, Црна Гора, Хрватска, и Босна и Херцеговина.

Нашите спортисти ги постигнаа следните резултати и пласмани:

- **Дарко Спировски** од Битола, класа Ф44: копје 23,04 (3. место), ѓуле 7,33 м (5. место), диск 20,72 (6. место);

- **Златко Арсовски** од Делчево, класа Ф55: копје 14,93 (3. место), ѓуле 5,79 м (5. место), диск 14,99 (11. место);



- **Никола Пеев** од Гевгелија, класа Ф36: копје 22,93 (4 место), ѓуле 7,58 (4 место), диск 24,20 (5 место);

- **Елена Давитковска** од Куманово, класа Ф56: диск 11,69 (4 место), ѓуле 5.13м (5 место), копје 10,44 (5 место);

Средства за учество на овој натпревар се обезбедени од Министерство за спорт и Министерство за социјална политика, демографија и млади.

*Б. Јовановски*





# ГАЛЕРИЈА НА ФОТОГРАФИИ




































ДАРЕ ЏАМБАЗ


ЧОВЕКОТ НАД ПРОФИТОТ





ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ **ПРИСТАПНОСТ** ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ**
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ **ПРИСТАПНОСТ** ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ**
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ **ПРИСТАПНОСТ** ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ**
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**ПРИСТАПНОСТ** ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ**
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ **ПРИСТАПНОСТ** ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ**
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ **ПРИСТАПНОСТ** ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ**
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ **ПРИСТАПНОСТ** ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ**
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ **ПРИСТАПНОСТ** ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ISSN 1857-8470
9 771857 847001